# СТЕНОГРАФКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Дваесет и шестата седница
на Собранието на Република Македонија, одржана на
27 јуни 2003 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам да продолжиме со работа.

Продолжуваме со работа по Дваесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ристана Лалчевска, Елеонора Петрова-Митевска, Јордан Михајловски, Гајур Сарач, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Силвана Бонева, Пеце Наумовски, Сашко Кедев, Ѓорѓи Оровчанец, Ганка Самоиловска-Цветанова, Слободан Чашуле, Слободан Најдовски и Трифун Костовски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по точката - Извештај за работата на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија за периодот март 2002 - март 2003 година.

Отворам расправа.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувана директорке на МРТВ, почитувани пратеници,

На дневен ред е Извештајот за работата на МРТВ за периодот март 2002 - март 2003 година, што е впрочем законска обврска за разгледување на Собранието.

Покрај ова имаме во прилог на  Извештајот дадена е финансиската состојба за 1998, 1999, 2000, 2001 и  2002 година. Како трет документ кој треба да го разгледуваме е Програмата за трансформација на МРТВ. Спомнато е во извештајот кој е даден за март 2002 - март 2003 година, но тоа не ми е доставено,  сметам дека треба да ни се достави, бидејќи за нас ќе биде значаен документ.

Ќе почнам од финансиската состојба 1998, 1999, па се до 2002 година. Во неа за секоја година поодделно е даден вкупниот приход, расходите, загубите, обврските,

неподмирените побарувања, како и состојбата со кадрите. Ако ја погледнеме табелата ќе видиме дека во вкупните приходи главниот процент на вкупните приходи паѓа на радиодифузната такса. Тука можеме да забележиме дека таа опаѓа од 1998, 1999, 2000 до 2002 година да дојде на 50,8%. Значи, треба да се направи нешто за да може главниот извор од кој се финансира МРТВ радиодифузната такса да биде на едно повисоко ниво како би можела МРТВ да работи нормално.

Втор значаен елемент кој е во вкупните приходи сигурно се маркетиншките активности кои од прилика во сите години од 1998, па се до 2002 година од прилика се на исто ниво со мали осцилации.

Ако ги гледаме расходите тие од прилика остануваат на исто ниво со мали осцилации, меѓутоа, она што е значајно во оваа финансиска состојба е загубите кои до 1998 година изнесуваат околу 333 милиони денари. Значи тоа се пренесени загуби од претходните години. Во 1999, 2000 година не се покажани загуби, напротив имаме намалување на обврските на тие загуби, меѓутоа во 2001 и 2002 година повторно се јавуваат загуби во 2001 година околу 76 милиони и во 2002 година околу стотина милиони денари. Сметам дека загубата е главно поради војната која настана во Република Македонија поради тоа дел од кризните региони кои беа опфатени не плаќаа радиодифузна такса и нормално интересот на граѓаните во овој период за помало гледање на МРТВ.

Ние треба да видиме зошто се намалува процентот на гледаноста т.е. на плаќањето на радиодифузната такса. Може да извлечеме внатрешни причини како што е технолошката застареност на опремата, кадровската екипираност во која повеќе од половината се над 4о или над 50 години старост и програмската застареност, стереотипност на МРТВ која со години наназад се влече на исто програмско ниво.

Како надворешни фактори кои влијаат на плаќањето на радиодифузната такса би сакал да ги набројам дека се социјалната структура на населението која перманентно опаѓа така што населението и од овој аспект покрај внатрешните што зависат од МРТВ и од овој аспект се намалува процентот на плаќањето на радиодифузната такса. Исто така од надворешен аспект би го спомнал повторно војната од 2002 година како и проблемот со наплатата во кризните региони.

Што се однесува до Извештајот март 2002 - март 2003 година тој е поделен во неколку делови тоа се кои се развојните аспекти, развојните погледи на МРТВ, состојбате со кадрите, состојбата со техничко-технолошките капацитети, загубите, обврските, реализацијата на собраниските заклучоци како и активностите кои се во тек во МРТВ.

За развојните можности дадено е на неколку страници, меѓутоа, можам да кажам дека освен некои работи кои се сега во тек нема нешто поопипливо кое може да кажеме дека дава гаранција дека МРТВ ќе појде во некој подобар развој кој ќе овозможи поголема гледаност и поголема наплата на радиодифузната такса.

Што се однесува до кадрите како втора ставка од Извештајот за март 2002 - март 2003 година особен белег е старосната структура на вработените. Повторно беше дадено и во финансиската состојба 1998-2002 година, повторно е дадено во Извештајот март 2002 - март 2003 значи 500 и повеќе вработени се над 40 годишна старост, исто така 500 и повеќе вработени се над 50 годишна старост, значи од вкупно 1500 вработени или нешто повеќе повеќето од 1000 имаат старост над 40 години или над 50 години што сигурно е значаен фактор за развојните можности на МРТВ за прифаќањето на новите технологии и новите програмски цели на МРТВ.

Со доаѓањето на менаџерскиот тим, значи кој што дојде поново после 15 септември сметам дека дојдоа луѓе кои што беа претежно или во добар дел, кои што беа и пред 1998 година и кои што зад себе исто така ја носат обврската од загубата од 330 милиони денари. Значи имаат тие една обврска повеќе за да можат и за да мораат да работат поквалитетно за да докажат дека таа загуба која што била направена пред 1998 година не била од субјективни причини и со тоа да допринесат МРТВ да се избега од состојбата која што сега се наоѓа. Значи треба да се форсираат да се даде шанса на луѓе кои што се стручни и квалитетни во Македонската радио телевизија луѓе не гледајќи притоа дали се тие луѓе партиски обоени, дали се тие луѓе опозициони или пак слично кој што не одговара на позицијата, туку напротив треба да се гледа само нивната стручна способност, со оглед на тоа што има огромен број на вработени, сметам дека има внатрешни кадри кои ќе можат МРТВ да ја извадат од состојбата во која што сега се наоѓа.

Исто така, има дадено дека има ангажирано 622 работници времено, хонорарно ангажирани. Тоа е состојба декември 2002. Меѓутоа, со оглед на тоа што Извештајот е март 2002 - март 2003, недостасуваат податоци за јануари, февруари и март 2003 година. Дали е тоа намерно или не е. незнам. Но, сметам дека треба да бидат, бидејќи е период на тој извештај, и тие да бидат дадени во Извештајот. Незнам дали се зголемиле, дали се смалиле. Тоа треба да го каже генералниот директор на МРТВ.

На почетокот напомнав дека недостасува програма за трансформација, но би напомнал да не се користи таа програма за трансформација како во многу јавни претпријатија во РМ што се во тек, па да се сведе еднствено на намалување на бројот на вработени во ова јавно претпријатие. Значи во таа програма за трансформација би

требало главниот аспект да биде на технолошката и програмската ориентација на МРТВ, како би можела да ги заинтересира граѓаните да имаат поголема гледаност и поголема наплата на радиодифузната такса.

Генералниот директор кажа дека преговараат со Синдикатот околу трансформацијата на МРТВ, мислам дека тоа е добро, но сепак имаме сомневање дека многу често кога се преговара со синдикатите во јавните претпријатија се преговар се со цел при отпуштањето на вработените еве знаеме за Електростопанство  класичен случај во кое што генералните директори заедно со синдикатот практично допринесуваат да се отпуштаат работници, а тие работници да неможат да го искажат своето мислење онака како што треба на некој начин, значи синдикатот се става под влијанието на генералните директори што јас не би сакал да е случај во МРТВ доколку тоа се случи програмата за трансформација на МРТВ ќе видиме како ќе се одвива, со оглед на тоа што ова Собрание е основач на МРТВ ние ќе побараме точка на дневен ред и сигурно дека тоа жестоко ќе го критикуваме.

Техничко-технолошкиот капацитет на МРТВ од Извештајот може да видиме дека е тотално амортизиран, значи на опрема која што е од 70-тите години набавена, опрема која што е аналогна а не е дигитална како што се сите современи радио телевизии, нема компјутерска мрежа, сето ова треба да се обнови и потребни се околу 13 милиони евра. Се прашувам од каде тие ќе се набават. Притоа сметам дека генералниот директор би требало да ни даде предлог како да се набави, т.е. како овој технолошко-технолошките капацитети да се иновираат со оглед на тоа што е предложена од Владата од позиција, значи од Коалицијата За Македонија, сметам дека пред давањето на Извештајот требало да се преговара со Владата и со релевантни институции, и да се изнајдат  можности или да се предложат тие можности овде за да може ние за нив овде да расправаме дали се тие добри или не се. Вака на некој начин значи само евидентирање на состојбата во која што се наоѓа техничко-технолошките капацитети во МРТВ.

Активности во тек. Значи побарана е државна ревизија за работењето на МРТВ и тоа е добро, меѓутоа во оваа точка од Извештајот се наведува дека кон крајот на 2002 година е спроведена ревизијата за работењето од 1999 - 2002 година, при тоа ангажирана е независна ревизорска куќа, јас тоа го кажав на Комисијата, меѓутоа ќе го повторам сметам дека ми е обврска, притоа не е објавен тендер за нејзино ангажирање, не видовме барем во весниците во дневните весници, сметам дека таа е ангажирана со непосредна спогодба, вредноста со која што е таа ангажирана е повеќе по мое сознание околу десетина илјади евра, значи дека обавезно мора да се објави тендер или да се објави јавен оглас. Инаку во спротивно начинот на кој што е избрана со непосредна

спогодба дава сомневање дека оваа ревизорска куќа може да е блиска до генералниот директор на Радио телевизија и притоа да изготви извештај кој што највеќе ќе им одговара на актуелниот менаџерски тим во МРТВ.За да се симне таа хипотека мислам дека требало и законски е да биде објавен оглас при кој што ќе се избере ревизорска куќа која што ќе биде најквалитетна и која што ќе понди најдобра цена и најдобри услови за изготвување на ревизијата во МРТВ.

Исто така, би требало да се одреди односот со приватните радио телевизиски станици, бидејќи тие се повеќе ги има во Република Македонија, исто така и тие протестираат на начинот на кој што се распределува радиодифузната такса, сметам дека и затоа треба да има еден материјал во ова во кој што ќе биде исто така фактор на решавање на состојбите во МРТВ.

Ние ќе гласаме за заклучоците кои што се во Извештајот освен за првите, значи ќе гласаме за заклучоците кои што ќе значат развој и опстојување на МРТВ, значи ние сме за да МРТВ и понатака опстои и се трансформира онака како што треба да биде во Република Македонија која што веќе треба да биде јавен сервис, да одговара на граѓаните, да се зголеми гледаноста, да се зголеми радиодифузната такса, меѓутоа сметаме дека Извештајот не одговара на состојбите реално во МРТВ, значи има елементи кои што се предимензионирани, има елементи кои што не се опфатени, или не требало да бидат дадени, не се дадени и при та ние ќе гласаме воздржани за овој извештај.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодартам.

Господин Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Го слушнавме ислагањето т.е. Извештајот за целокупното работење на МРТВ кој беше поднесен од страна на директорката на МРТВ Гордана Стошиќ, а истовремено и излагањето на колегите пратеници, при што беа изнесени многу различни видувања и податоци, т.е. податоци како од финансова природа, така и од податоци од технички карактер, па и за идеите за идниот развој, работа на МРТВ.

Сето тоа гледано, нормално од различни аспекти во зависност од пристапот на говорникот во врска со оваа точка на дневен ред.

Внимателно го разгледав и Извештајот за материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие МРТВ во 2002 година, изготвен од Одборот за контрола на

материјално-финансиското работење на МРТВ а потписник е некоја госпоѓа Соња Чишбановска, во фукнција на претседател на овој одбор, во кој детално ги опишува состојбите односно во сферата на материјално-финансиската работа, како и за сите проблеми и дефекти кои ги има МРТВ во прибирањето на средствата, како од граѓаните така и приходите остварени од радиодифузната такса и од маркетинг, нели услугите. Ставена е забелешка на однесувањето, притоа во самиот извештај на делот вработени во Електростопанство на Македонија кои наводно не ја почитуваат одлуката на Владата во приликум наплатата на сметките за потрошена електрична енергија, не ја наплатувале и сметката за услугите што МРТВ ја прави на граѓаните на Република Македонија.

Во овој дел би сакал да го потсетам раководството на МРТВ, а особено госпоѓа Стошиќ да размислат околу висината на радиодифузната такса зашто така размислуваат и обичните граѓани на Република Македонија, па доколку ја следат на една поразумна цена убеден сум дека нема граѓанин кој не би платил а со тоа МРТВ би ја зголемила и наплатата и би ја наполнила и касата. Значи се потврдува правилото ниски такси, полна каса, и високи такси, празна каса. Затоа препорачувам добро да размислат господата од МРТВ за некаква поднослива сума на радиодифузна такса и сум убеден дека секој граѓанин на Република Македонија ќе плати и ќе ја исполни својата обврска кон МРТВ.

Во делот на финансискиот извештај кој што се однесува на маркетинг услугите едноставно не би ги коментирал затоа што госпоѓата која што во својство на претседател на Одборот го потпишала овој извештај повеќе личи на извештај составен во полиција или на даночен инспектор кој едноставно само обвинува и јас се сомневам дека во иднина ќе можат да најдат партнери и фирми кои ќе соработуваат со нив во делот на она што значи маркетинг.

Но, сега би сакал нешто да изнесам, некои свои видувања за работењето на МРТВ од еден друг аспект. Имено, познато ни е дека во МРТВ, МРТВ е национална телевизија но од сето она што е присутно во неа дали па од вистината дека е таа национална телевизија, ама напротив и обичен човек и лаик веднаш би приметил од самиот амбиент во неа дека е тоа телевизија која е во функција на една политичка партија, а за која политичка партија се работи, доволно е да се покаже шпицата на вестите кои се емитуваат на кои доминира плавата боја, едноставно фали нели жолтата роза за да гледачите бидат 100% убедени и сигурни за чија телевизија се работи. Морам да кажам дека една од причините за самата наплата на радиодифузната такса лежи токму и во овој факт т.е. присуството на политичката обоеност на МРТВ. Дека МРТВ е партизирана и дека се присутни многу дефекти во работењето на МРТВ, ќе наведам неколку факти.

Прво, по системот на пријателство, или популарно наречено непотизам и партизација на телевизијата, на штета на телевизијата и на нејзината работа се поставени 4 директори во различни сектори или делови со несоодветно образование т.е. со средно образование. Конкретен пример со досегашниот претседател на синдикатот на Македонската радио телевизија инаку најголем гласноговорник против ВМРО-ДПМНЕ е поставен за директор на економско-правни и други работи, а поседува тригодишно техничко училиште од техничка насока и е на две години пред пензионирање.

Понатаму, според “заслугите” се врши разместување со иселување на вработените од 10 спрата во кулата под изговор дека просториите ќе бидат издадени под наем, а тоа досега не е сторено.

Условите за работа се крајно влошени, да не кажам и неможни, а за ефектите од наводното иселување т.е. преселување што треба да се постигнат на вработените не се презентирани, а не се ниту пред основачот, т.е. пред Парламентот.

Некоја посебна изработена програма за ефектите од ова нема, па произлегува дека е тоа едноставно волја на госпоѓа Гордана Стошиќ, а сето тоа значи зачинето со сомневањата за определени матни зделки поврзани дури и со можноста за оттуѓување на делови од Македонската радио телевизија.

Кон сето ова треба да се додаде дека при изградбата на овие простории со години station наназад немаат земено К-15, го немаат зголемено личниот доход долги години вработените од Македонската радио телевизија. Со еден збор тие долги година ја имаат градено, а сега се створаат претпоставки за разнебитување на Македонската радио телевизија потпомогнато дури од внатре, дури од самата директорка Гордана Стошиќ.

Со доаѓањето на нова власт, па и на новата директорка основното мото едноставно е штедењето изразено и доследно спроведено спрема сите во Македонската радио телевизија, истовремено на заменикот директор кој е дојден од ДУИ се купуваат луксузни мебели кои од своја страна нема никакви обврски и задолженија и истите се сведени на неговите комуникации со албанската програма. После 10 месеци едноставно финансиската состојба не се решава, која е прилично тешка, со едвај малку средства прибрани од надоместокот, а се прават фризирани потези за наводна рационализација и трансформација.

Се праќаат вработени на принуден одмор со цел да се малтретираат, за што се смета дека се блиски или пак се членови на ВМРО-ДПМНЕ.

Претседателот на Управниот одбор на Македонската радио телевизија Дарко Марковиќ, исто така мораме да го потенцираме е човек кој што 1984 година со судско решение е избркан од Македонската радио телевизија за извршени проневери на неколку стотици илјади марки, а сега во овој момент истиот се прави на некој начин светец како претседател на тој Управен одбор.

Стручните консултанти на генералната директорка се повеќе млади, неискусни момчиња меѓу кои е и синот на г. Тито Беличанец иако во Македонската радио телевизија има далеку поспособни и поискусни високошколски кадри.

Сакам да потенцирам дека сите овие млади консултанти се едноставно претставници на СОРОС, на ОБСЕ и не знам на кој други организации од сомнителен карактер и потекло, па и со непознат интерес.

На крајот од моето излагање сакам да извлечам еден заклучок дека со промените кои наводно се прават и за кои веројатно амин дава и госпоѓа Гордана Стошиќ воопшто не е и во иднина сигурно нема да се подобрат состојбите во Македонската радио телевизија како од аспект на она што значи финансиско работење, така и во делот на програмското подобрување, техничкиот равој итн. Напротив со потезите кои се прават целосно се дискредитира, дестабилизира и се уништува реномето на оваа наша национална куќа притоа не водејќи сметка за интелектуалниот капацитет кој го има и е на располагање во самата Македонска радио телевизија.

(Со седницата продолжи да претседава госпоѓа Лилјана Поповска).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г. Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колешки и колеги пратеници,

Јас мислев дека само Спиро Мавровски е во заблуда, но тоа изгледа заразно било и попримил Орданчо Тасев од комшијата, па не еден, туку двајца луѓе во Македонија живеат во заблуда и изгледа не гледаат телевизија, или не гледале 4 години.

Во овие 3 минути ќе се обидам да потсетам на нешто.

Господине Тасев дали за 4 години го видовте претседателот на тогашната опозиција, лидерот на опозицијата да биде поканет на Македонската телевизија. Дали за 4 години видовте една дебатна емисија каде што ќе може

опозицијата да излезе заедно на дебата заедно со позицијата за да ги разменат ставовите.

Да ве потсетам, во овие 5-6-7 месеци, на емисии дебатни кои секоја недела се организираат и тоа секој ден, бил и г. Краљевски, седел до мене; Трендафилов седеше до господинот Рахиќ и редица други. Чашуле беше и да не набројувам понатаму. А што е најдобро после првите 100 дена прв гостин во Македонската радио телевизија беше тогашниот претседател на ВМРО-ДПМНЕ г. Љубчо Георгиевски.

Или пак да ве потсетам за сатанизацијата што се вршеше врз невладините организации, Европската унија и НАТО, а гледам дека тоа ви остана и сега, па уште еднаш ги споменавте и уште еднаш ги обвинивте. Да ве потсетам, во овој законодавен дом малку да припазиме на речникот и да не обвинуваме некои луѓе, барем они што не се тука и што не можат да се бранат и што нема врска со овој извештај.

Или ако сакате да ве потсетам, а во исто време и да ве прашам, да ја искористам приликата генералниот директор на Македонската радио телевизија, господине Тасев вие бевте горе на бината и дали знаете колку траеше преносот на митингот на ВМРО-ДПМНЕ. 2 саати и 15 минути со својот траги комичен и инспиративен говор од Љубчо Георгиевски од 2 саати и 5 минути, а согласно Законот за радио дифузија не може да трае повеќе од саат време. Или не се сеќавате на тоа.

Да не се враќаме назад, на првите месеци кога не можеше не никој да се појави, туку се укинаа и програми по излегувањето на ЛДП од Владата и градоначалникот на Скопје не можеше да се појави на скопската програма, а скопската програма се снимаше да оди во живо. Нормално не се прикажуваше на МТВ тепањето на учениците во Неготино, не се прикажуваше што се правеше во Битола и како бившите пратеници правеа палати во Битола. Точно не се прикажуваше тоа. Сега поинаку ги сметаат работите бидејќи во преносите во Собранието, или во извештаите од Собранието или во соопштението прво се кажува што кажува опозицијата, а потоа што кажува позицијата. Или пак вие легнувавте порано па не видовте дека во 12 часот ноќе одеа соопштенијата на СДС во претходните 4 години, после временската прогноза. Ништо не се сеќавате, па сега плавата боја ви смета. Ве молам не ги доведувајте во заблуда гласачите. Што се однесува до боите да ве потсетам дека 1999 година, 1998 година прво што направивте знакот логото на македонските телекомуникации, сино - жолти, ги

сменивте во црвено - жолти. Цел град го офарбавте, цела Македонија во црвено - жолто. Ние не работиме така.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За контра реплика се јави господин Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Моето излагање беше насочено на Извештајот кој е даден од Македонската радио телевизија. Не знам од каде се најде погоден г. Јани Макрадули, меѓутоа еве со неколку збора, јас би сакал на кратко да реплицирам.

Во поглед на тврдењето дека ние сме присутни, јас можам да кажам дека има разлика, затоа што ние бевме во позиција, на власт, и од Македонската радио телевизија беа повикувани господата од Социјал демократскиот сојуз, меѓутоа не сакаа да доаѓаат. Разликата е во тоа што сега тие не не канат. Разликата е во тоа што тие сега нас не не повикуваат и немаме пристап. Според тоа има поставено апсолутна доминација во она што се викаат медиуми. Пристапот на ВМРО-ДПМНЕ морам да ви кажам е сведен на нула.

За Неготино, јас не би сакал многу да зборувам, многу добро знае господинот Јани Макрадули дека тоа беше во нивна режија, меѓутоа вистината лека полека доаѓа, а има и судска разврска па ќе видиме како таа работа ќе заврши на крајот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Тасев, јас се извинувам помина една минута.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Не е поминато. Господинот Макрадули говореше малку повеќе.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Поминато е. Дури и повеќе, скоро втората минута ви изминува.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Ако може уште неколку збора.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ајде уште неколку збора да се доискаже,  ама сосема кратко, ве молам.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Јас сакам уште неколку реченици да кажам.

Со многу многу работи кои што беа искажани, мислам дека г. Јани Макрадули претера едноставно, затоа што на крајот на краиштата ние како опозиција имаме право да кажеме што мислиме, па и нашите настапи можат да бидат на крајот на краиштата маркетингшка природа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Има збор г. Славе Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Прво во вид на реплика ќе земам дискусија понатаму ќе истакнам дека претседател на Управниот одбор што го критикува беше и во претходниот состав истиот. На почеток мора искрено да констатирам дека пред нас имаме и разгледуваме еден доста квалитетен извешај за работењето на Македонската радио телевизија за горе наведениот период, кој добрбо е поткрепен и со соодветни прилози за финансиската состојба на ова Јавно претпријатие за 1998, 1999, 2000, 2001 и 2002 година, како и Извештајот за материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие Македонската радио телевизија за 2002 година изготвен од одборот за контрола на материјално-финансиското работење. На база на сето тоа може да се констатираат некои состојби и предложат соодветни заклучоци за успешно работење на оваа институција во наредниот период.

Исто така добро е што после 3 години пратениците имаат можност да расправаат за еден извештај на ова Јавно претпријатие, бидејќи во претходниот мандат истото не е направено односно не е доставен таков извештај, а тоа било законска должност да го направи Јавното претпријатие, пратениците во парламентарниот состав да расправаат и да донесуваат соодветни заклучоци, како и да ги следат заклучоците во оваа јавно информативна куќа.

Целосно го поддржувам исто така експозето поднесено од генералниот директор на Македонската радио телевизија кое беше изложено во средата.

Но за жал повторно од економска и финансиска гледна точка и оваа институција се карактеризира со катастрофално лоша финансиска состојба, со огромни финансиску дубиози и што сигурно ќе претставуваат огромна и главна

пречка за стабилизирање на ова претпријатие. Ние и претходно како парламентарен состав разгледувавме извештаи кои што се под надлежност на ова Собранието, како што беше извештајот за работата на Фондот за здравство, Агенцијата за приватизација и за жал секогаш констатираме огромни финансиски дубиози направени во вакви институции во минатиот состав. Не дај Боже, веројатно и во наредниот период ќе разгледуваме сигурно и други извештаи и истите ако се такви ние како пратеници ќе ни биде страв да ги отвориме извештаите и да констатираме такви финансиски дубиози.

Само за 2002 година вкупната загуба, како што гледа од Извештајот изнесува скоро 107 милиони денари. Се поставува прашањето дали истата би можела да биде помала. Сигурно доколку домаќински се работело, доколку посебно материјалните трошоци не се зголемени над планот кој би зголемен, посебно во делот на службени патувања каде што имаме зголемување за над 33%, за репрезентација за над 27%, зголемување кај хонорарите итн, или вкупните расходи за 2002 година изнесуваа скоро 985 милиони денари од кој најголем дел, скоро 38% отпаѓаа на нематеријалните трошоци, а само 14% на материјалните трошоци, што е доста симптоматично.

Во делот на приходите мора да се истакне дека истите целосно не се остварени. Се разбира дел од објективни, но повеќе од субјективни причини, иако основен приход на ова Јавно претпријатие е приходот од радио дифузна такса што ја плаќаат граѓаните преку сметките за потрошена електрична енергија, како законска обврска, се разбира согласно донесениот Закон за радио дифузна дејност од 1997 година. Практично има доста отстапување во делот на оваа наплата.

Во тој правец неопходно е да се преземат соодветни активности и добро е што ќе претрпи истиот закон соодветни промени во правец на успешна негова примена и правилно прибирање на овие средства, да не се случува како во 2002 година каде процентот на наплата на потрошена електрична енергија е некаде 75%, а на радио дифузната такса е околу 50%.

Има и случаи од субјективен карактер. Се ширеше информација дека не треба да се плаќа таа радио дифузна такса, па и вработените во Електростопанство на тие што ја плаќаа сметката за електрична енергија им сугерираа дека радио дифузната такса не треба да се плаќа, а тоа е соодветна законска обврска и истата треба да се почитува.

Вториот дел, приходите од маркетинг, како втор поголем извор на приходи исто така забележува негативен тренд пред се во делот на наплатата на

истите и во 2002 година според извештајот процентот на наплатата изнесува некаде под 50%, во споредба со 1998 година тој процент изнесуваше 67%. Значи имаме намалување од скоро 18%.

Мора да се констатира дека дел од вработените во маркетинг службата сигурно неодговорно и несовесно се однесувале пред се во делот на склучување на договори со несоодветни фирми, без соодветни гаранции и слично.

Од Извештајот за материјално финансиското работење на Јавното претпријатие изготвен од Одборот за контрола се гледа дека со Завршната сметка за 2002 година е извршен отпис на соодветни побарувања во износ од скоро 20 милиони денари како застарени, односно повикување на 3 години од нивно настанување, што е недопусливо и крајоно неодговорно. Ако го погледате истиот Извештај ќе видите дека се отпишуваат побарувања према изборниот штаб на г. Васил Топурковски од 1999 година како кандидат за претседател во износ од 4 милиони и 200 илјади денари, према изборниот штаб на г. Борис Трајковски во износ од 2 милиони и 200 илјади денари и да не набројувам, што фактички е недопусливо нешто такво да се направи.

Исто така незамисливо е дека поради несоодветна документација и неверодостојна во наредниот период треба да се отпишат околу 30 милиони денари побарувања. Паѓа посебно во очи ако го видите Извештајот од Одборот побарувањето према партијата ВМРО-ДПМНЕ во износ од околу 20 милиони денари, кое досега не е наплатено, а еве има шанса раководството на ВМРО-ДПМНЕ ако му мисли добро на ова Јавно претпријатие истиот долг навреме да го исполни.

Значи мора да се преземат низа соодветни мерки пред се од раководството на Јавното претпријатие во санирање на финансиските дубиози, посебно во делот на трошењето на средствата односно крајо домаќинско работење. Исто така и во делот на прибирањето на средствата. Тука посебно и итно мора да се донесе новиот закон за радио дифузна такса за успешно прибирање на оваа јавна давачка.

Мене посебно лично ме плаши од финансиска гледна точка огромните обврски што во моментот ги има Македонската радио телевизија према доверителите кои изнесуваат скоро 700 милиони денари. Посебно големи се краткорочните обврски кои изнесуваат скоро 540 милиони денари и ако истите навреме не се регулираат ќе претставуваат голема пречка за сите активности што во иднина би се преземале од страна на раководството на Јавното претпријатие.

Во делот на наплатата на побарувањето во наредниот период раководството мора да ги преземе сите неопходни мерки за успешна наплата посебно во делот на маркетинг услугите и истиот процент енормно да се зголеми, а не да се доведе во ситуација одредени побарувања да се отпишуваат и слично.

СЛАВЕ АРСОВСКИ: (Продолжение)

Посебно е алармантна состојбата со големиот степен на амортизираност на постојаните средства односно техниката што изнесува скоро 92%, што ќе претставува еден голем проблем за успешно трансформирање на ова претпријатие. Сигурно, во моментов можеби постои превработеност воМРТВ Македонска радио телевизија. Но, според мене, имајќи ја предвид и старосната структура, односно просечната старост на вработените што изнесува некаде 47,90 години, постојат реални можности истата превработеност да се намали по основ, доста луѓе што треба да заминат во пензија по редовен пат, со докуп на стаж со што би се запазил и социјалниот момент.

Јас не би се согласил со некои дискутанти, посебно од опозицијата, дека опозицјата не е доволно застапена на програмите на Македонска радио телевизија, посебно во вестите колку што имам можност да ги пратам истите, нема некоја активност што ја има опозицијата истата да не е презентирана на Македонска радио телевизија, или пак учество во дебатните емисии на луѓе од страна на опозицјата, како што истакна и господинот Јани Макрадули.

Можеби ова нешто важеше и за изминатиот четиригодишен период, каде сите знаеме каква партизираност постоеше во оваа институција и не би сакал да го спомнам тогашниот главен уредник на информативната програма на Македонска радио телевизија, каде опозицијата фактички немаше пристап до ова јавна куќа. Само според последните истражувања кои се направени за најгледани 10 емисии на сите радио - дифузни претпријатија кои ја покриваат целата држава, телевизискиот дневник на Македонска радио телевизија се наоѓа во тие 10 најгледасни емисии што е знак за враќање на довербата на гледачите спрема Македонска радио телевизија. Само за споредба, во минатата година, кога се правеа вакви некои укажувања, гледањето на телевизискиот дневник не се наоѓаше ни во првите 35 места на гледани такви емисии. Би истакнал дека во целост ги поддржувам сите оние досегашни дискутанти, не би одземал време кои во правец, односно насочени кон брзата трансформација на ова претпријатие, во правец на организационата поставеност, техничко-технолошките проблеми, работата на

третиот канал, застапеноста на етничките заедници, работата на сателитскиот канал и слично.

На крај би заклучил. Имајќи ги предвид сите финансиски проблеми со кои се среќава ова претпријатие, за кои и претходно елаборирав, неопходно е една широка акција на сите структури, пред се на Владата на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, посебно на раководството на Јавното претпријатие, вработените и граѓаните, да дадат свој придонес за надминување на сите негативни состојби со кои ссе среќава во моментот и истите конечно успешно да се разрешат и Македонска радио телевизија да го добие своето место како јавен сервис на граѓаните, како што го имаат и сите такви јавно - дифузни претпријатија во другите земји во Европа. Лично верувам дека истото во наредниот период и ќе се оствари.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има господинот Марјан Ѓорчев. Повелете.

Господине Ѓорчев, реплика?

За реплика е јавен господинот Блаже Стојановски.

Повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас сметам дека кога се дефинира јавниот интерес или Македонска радио телевизија како јавен сервис, треба да се има во предвид и значењето на сите радио-дифузни друштва во Република Македонија, независно дали се работи за приватни радио-дифузни друштва, или локални радио-дифузни друштва. Во таа насока сметам дека Македонска радио телевизија е само еден сегмент кон што има особено значење за остварување на овој јавен интерес.

Истовремено, како јавен сервис сметам дека треба да се покаже една конкурентност на Македонска радио телевизија, да се покажат едни мерки за трансформација на Македонска радио телевизија, конкретни заклучоци, кои што ќе бидат разгледувани заедно со овој вид на информација. Се надевам дека ќе имаме во предвид кога ќе дискутираме за информацијата, дека потребни се конкретни мерки кои што ќе ни бидат дадени на располагање при утврдувањето на идните

активности на Македонска радио телевизија, а не да даваме бланко доверба како Собранието на Република Македонија, за идните трансформации на Македонската радио телевизија.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Одиме со следниот пријавен, господинот Марјан Ѓорчев, повелете.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван директоре на Македонската радио телевизија,

Најнапред, од овој извештај според мене кои се заклучните резултати што треба да бидат трајна меморија на сите нас, кои што сме, да се разбереме само четири години во овие парламентарни клупи, а после нас ќе дојдат некои други. Во нашата трајна меморија која треба да биде пренесена на другиот парламентарен состав, барем како заклучоци, како резултати, како предлози за решавање на проблемот на Македонска радио телевизија е тоа дека тоа е државна телевизија. Тоа е претставник на државата Македонија во етерот. Не може да стане збор за државна телевизија од типот на да речеме Дојче Веле, каде германската држава, независно дали е директор претставникот на  СПД или директор е претставникот на другата партија си ја работи својата партија да ја афирмира германската држава, да ги едуцира германските граѓани, дека германската држава е најдобра на светот и дека таму владее најдобар социјален ред и мир во сите земји и дека Германија е водечка сила од сите држави на земјината топка.

Оттука, ако тргнеме од таа премиса, јасно е дека ниту СДСМ со својата плава боја, ниту пак ВМРО-ДПМНЕ со својата црвено - црна боја не може да пледира дека таа е застапник на државните интереси и не може да биде зошто на изборите и едните и другите добиваме по 250 илјади - 300 илјади гласачи. Не е спорно дека и СДСМ добива огромен корпус на гласачкото тело, но не е спорно дека и ВМРО-ДПМНЕ во осум изборни циклуси победува и на локални и на парламентарни и претседателски избори. Оттука, сфаќањето дека Македонска радио телевизија односно директорот е претставник само на интересите само на партијата, не води кон тоа дека треба да размислуваме како партиските структури треба да имаат свои приватен телевизиски емитор или радио, од каде ќе можат тие

да си ги промовираат своите партиски програми и своите апологии, кои што треба да ги убедат македонските граѓани дека плавата или црвено - црната боја е најдобра и таа да гласаат за нас како партиски односно политички субјекти.

Значи, треба да размислуваме како Македонската радио телевизија да биде Дојче Веле. За да може да биде Дојче Веле, Македонската радио телевизија не министеротже да биде конкурентна со приватните телевизиски станици и она што тие го работат, затоа што таму владее капитал - интерес. Таму ако ви дадат пари, тогаш вие ќе кажувате така како што парата диктира. Овде државата Република Македонија диктира и тоа не во некои демагошки пароли граѓаните на Република Македонија, туку токму овие 120 парламентарци на ден 27 јуни 2003 година или некој ден 27 јуни 2008 година, каде што ќе решиме Македонската радио телевизија, како основачи, ние сме основачи, ние сме законодавниот дом на државата Македонија и ние ја претставуваме државата и ќе кажеме Македонската радио телевизија треба да работи вака или така. Директорот на Македонската радио телевизија работи во интерес на државата, работи во интерес на основачот, а тоа е законодавниот дом и само во таа конотација можеме да го разгледуваме, односно да ги гледаме резултатите од работењето на Македонската радио телевизија во изминатите 11 години политички плурализам.

Што покажува овој извештај? Овој извештај е направен формално за една година, март 2003 - март 2003 година. Меѓутоа, ако читате меѓу редови, овој извештај содржи се што Македонската радио телевизија претставувала од 8 септември 1991 година до денес. Тоа е море на проблеми, кои што никој не ги решавал, ненаплатување на она што претставува радио - дифузна такса, недисциплина на граѓаните на Република Македонија. Јас се сеќавам, како член на Владата на Република Македонија ние разгледувавме ситуација дека приходите на Македонска радио телевизија не се доволни да се покрие ниту платата на вработените во Македонска радио телевизија. Тоа беше во едно воено време, кога е разбирливо дека одделни региони на Република Македонија не плаќаат радио - дифузна такса. Меѓутоа, ако се вратиме station наназад загубите биле перманенти. Ние не можеме да кажеме дека загубата на Македонска радио телевизија е само во 1998 година или во 2002 година. Загубата е и 1996, 1997 и 1998 година, прашањето е само колкава била загубата. Колкав бил потенцијалот на македонските граѓани да плаќаат, колкава била дисциплината и какви мерки Парламентот донел, односно ја задолжил Владата на Република Македонија да преземе мерки, да измисли инструменти, да и обезбеди на Македонска радио телевизија да биде куќа која ќе го

штити националниот државен интерес. Тоа е да ги едуцира граѓаните на Република Македонија, во ова море на девалвирачки елементи, стоење на ред, чекање за визи, стоење на ред чекање бугарски пасоши, грчки пасоши, сега ќе почнат српски пасоши. Значи, како да се едуцира македонскиот граѓанин дека Република Македонија е таа држава во која најдобро се живее бидејќи сме ние македонци и никаде на друго место не можеме да биде македонци, освен во нашата држава Република Македонија. Тоа е функцијата на Македонската национална телевизија и тука нема простор за маркетинг. Маркетингот според мене, барем длабоко сум убеден, треба да излезе од Македонската радио телевизија, туку ние да се нагрбиме со тешкото бреме, колку пари треба од буџетот секоја година, према она што ќе ни го предложи директорот, што ќе ни го предложи издавачкиот колегиум на Македонска радио телевизија, колку пари треба, милијарда или две, или три милијарди, да обезбедиме заедно со радио-дифузната такса да може Македонската радио телевизија да ги штити националните интереси на Република Македонија. Ако ние сега се оптеретуваме дека Македонската радио телевизија ќе биде конкурентна со А-1 или со Сител, не може да биде конкурентна, бидејќи таму владее капитал - однос, а информацијата денеска е пари. Информацијата за А-1 и за Сител е пари, време, капитал - однос, а информацијата за Македонската радио телевизија е заштита на државниот интерес. Тоа е и на ЕТА и на Дојче Веле, тоа е и на Би би си, тоа е и на Си ен ен, затоа што тие држави, преку своите конгреси, преку своите, или турската телевизија или преку своите домови, дебело ја финансираат телевизијата. Ние, од седница на седница на Владата на Република Македонија дискутираме како сега да обезбедиме плата за месец јули, или за месец јуни, или за месец мај, а луѓето таму примаат прво недостојни примања, ги примаат нередовно и тука не е виновен ниту директорот, ниту сегашниот директор, ниту пак некои директори кои биле во времето кога ВМРО-ДПМНЕ било на власт, ниту пак директорите кои што биле во времето на другите политички гарнитуру кои биле на власт. Едноставно, од независноста и сувереноста на Република Македонија со промена на системот, ние не го трансформиравме обликот како државата, Социјалистичка Република Македонија која тогаш стоела зад Македонската радио телевизија сега како независна, суверена, самостојна Република Македонија стои зад Македонската радио телевизија. Со што? Со кои средства годишни, со која програма како парламент, односно со кои задачи кои програмски директорот и целиот тој корпус на управни тела во Македонска радио телевизија ќе може да ги разреши тие проблеми на задоволство на Парламентот на Република Македонија како основач на оваа куќа.

Значи, поентата ми е дека ако ние гледаме така, државнички би рекол, можеме на некој начин да сметаме дека државата си ги штити своите изворни интереси. Ако некаде во овој би рекол брзо време на информатика, има државата изворни интереси, тоа се интересите во делот на информацијата. Таа информација треба да биде правовремена, точна, а за тоа треба и техничко - технолошка поставеност во Македонската радио телевизија, безнадежно се застарени студијата, сите сме оделе таму. Да не дискутираме сега дека дебати немало во една или друга, дебати имало секогаш. Јас сум одел кога сум бил министер со дебати од СДСМ, со многу луѓе од СДСМ, не е битно во кои години, секогаш сме имале дискусии, сме имале дискусии и 1996, сме имале и 1998 година, и 2000 и 2002 година, секогаш имало дискусии. Не е работата во тоа. Сите ние сме биле во Македонска радио телевизија и гледаме какви се студијата, каква е таа безнадежно застарена технологија, какви се тие тоа тоалети кои што не може да се одржуваат, какви се тие уреди за трансмисија. Едноставно, треба да сфатиме дека ние треба да ја задолжиме Владата на Република Македонија во даден момент, краткорочно да помогне на Македонската радио телевизија со средства кои ќе ги бара сегашниот директор на Македонската радио телевизија, на начин кој што ќе значи краткорочно решавање на проблемите, а програмата која што навестува некои би рекол интересни моменти кои што можат да бидат сублимирани во студија, значи, долгорочно решавање на проблемите на Македонската радио телевизија на долг рок.

Според мене, на крај би предложил како член на Парламентот да се има предвид во нашата национална куќа, кога се работи са можни долгорочни решенија, затоа што се надевам дека Владата на Република Македонија на база на она што ние ќе го донесеме како заклучок изнајде модуси како краткорочно да го надмине тој финансиски јаз, пак да ги крпи тие дупки со обезбедување на пари на загуба. Така правиме 11 години, така да направиме и сега. Меѓутоа, долгорочно како да обезбедиме Македонската радио телевизија на почетокот на годината да знае дека располага со 2 милијарди, или со милијарда и пол, веднаш буџетски обезбедени средства што би значеле националната куќа да си ги врши своите функции. Тоа е пред се во делот на она што претставува инфраструктура на Македонската радио телевизија, тоа се репетиторските и релејни станици кои што можат да бидат давани под концесии, кои што можат да бидат употребувани на начин кој што ќе значи профитабилно работење на тие репетиторски и релејни станици и тоа пак да оди дали на буџетска потсметка, или незнам како, во

Македонската радио телевизија или на нивната сметка. Потоа, искористување на просторот во зградата, таа е зграда која што на изглед навидум може и Би би си дури да ни позавиди. Меѓутоа, објективно може тој простор веројатно да се преуреди и направи согласно потребите на човечкиот потенцијал и ресурс, да се преуди и од таму да има приходи, бидејќи тоа е централно место во градот Скопје. Од тука можат да идат приходи од вид на рента, на кирја и слично.

Потоа, нова методолошка постапка која што ќе се изготви во Македонската радио телевизија, како таа ќе биде организирана, со кои кадровски потенцијали, како ќе обезбеди адекватно покривање на националниот интерес.

На крајот, организирана наплата на територијата на целата Република Македонија. Дали тоа ќе биде врзано со сметките за струја, или ќе биде врзано со сметките, незнам какви други сметки, едноставно тоа Владата на Република Македонија нека си најде начин како ќе обезбедиме иста наплата на сите делови на територијата на Република Македонија. Тогаш може да говориме како тогаш да ја задолжиме управувачката структура во Македонската радио телевизија да ги извршува своите задачи согласно она што ние тука ќе се договориме.

Потоа, нормално, техничко - технолошко осовременување. Без тоа нема нема прогрес да се вклучиме во сите меѓународни асоцијации на трансмисија во етерот и на таков начин мислам дека можеме да изнајдеме консензус да престанеме еднаш со обвинувања дека, сега ќе карикирам, некоја госпоѓа Мелпомени Корнети, или некој господин Љупчо Јакимовски или утре госпоѓа Гордана Стошиќ биле виновни за состојбата, не. Едноставно, основачот е секогаш виновен за состојбите. Ние тоа тука треба да го разбереме, дека сме инертни, дека само од година во година пренесуваме дубиози и констатираме дека Македонската радио телевизија остварила 1998 година 300 милиони загуба, 2000 година 104 милиони, 2002 година 100 милиони, а оваа година ќе оствариме 105 милијарди.

Што имаме ние од тоа полза да кажеме дека оствaруваме загуба 105, 104 или 300 милиони. Загубата си е загуба. Но, тоа е јавен радио-дифузен сервис во интерес на граѓаните на Република Македонија и ние од напред треба да се договориме дека тој мора да работи со загуба. Ако гледаме комерцијално, тогаш нема да биде само од интерес на граѓаните на Република Македонија, тогаш ќе биде нешто помеѓу, а нешто помеѓу никогаш не ги решава проблемите. Мешање на приватни интреси, маркетинг служби со национален државен интерес, тоа обично не оди. Оттука, ако сакаме Македонската радио телевизија да биде куќа што навистина ќе ги штити интересите на Република Македонија во етерот, тогаш мораме ние како

основачи да им дадеме бланко карта на сегашното раководство, да изготви програма која ќе не задоволи нас тука како Парламент, ќе ја изгласаме.

Сега, да се договориме овој извештај, пак ќе кажам, меѓу редови ја отсликува состојбата од 1991 година. Не е оваа состојба само март 2002 - март 2003 година. Да констатираме дека сегашната состојба во Македонската радио телевизија е неодржлива ваква повеќе и ние како Парламент сме директно одговорни за оваа неодржлива состојба.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика се јави господинот Тито Петковски. Повелете.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Почитувана потпретседател, почитувани колеги, госпоѓа директор,

Обично реплицираме, излегуваме на говорница кога не се согласуваме со многу работи меѓу себе, што е сосема разбирливо, станува збор за плуралистички парламент.

Јас станав да подржам најголем дел од дискусијата на господинот Ѓорчев, бидејќи навистина треба да работиме онака како што говориме. Ако се однесуваме така, мислам дека овој негативен тренд во Македонската радио телевизија и третманот на телевизијата како јавен сервис можеме да го запреме со години наназад. Не е битно кој е на власт, дали порано ВМРО-ДПМНЕ, сега СДСМ или коалиција некоја. Имаме ли снага, а имаме обврска пред граѓаните од Македонската  радио и телевизија да направиме сервис на граѓаните на Република Македонија. Впрочем знаете ли што, тие плаќаат, ја финансираат куќата. Имаат право да ги користат сите услуги на Македонската радио телевизија. Да ги користат како неутрални граѓани. Ние сме плуралистичко, нели, а со и конфликтно општество. Ние имаме потреба сите да ги артикулираме насшите посебни политички интереси. Меѓутоа, има многу и општествени групи кои не се политички ангажирани кои исто така сакаат да ја доживуваат македонската радио и телевизија како своја. Кога ќе зрачи програмата таму, да тоа биде израз и на нивните очекувања, желби и стремежи.

Заради тоа, повеќе станав да подржам еден пристап кон дискусијата, затоа што до сега дискусијата кога одеше во насока дека програмата во изминатиот

период била ВМРО-вски обоена, а овој период е многу СДСМ-овски, тоа не е наша обврска. Дури мислам дека ја погрешивме темата. Програмата на Македонската радио телевизија си е право и обврска на куќата. Ние како основачи треба да водиме грижа токму за овие прашања за кои што еве и господинот Ѓорчев, а и многумина кои досега говореа. Значи, тежиштето на дискусијата да биде околу реформите во куќата, на нејзиното физиономирање, консолидација финансиска, програмска ориентација. Меѓутоа, програмските шеми, уредувачката политика, особено, тоа не е наша работа. Ако сме основачи. Дури тогаш мислам дека ќе ја партизираме, политички ќе имаме влијание на куќата која што претставува национален однос, државен сервис, или јавен серцис кое што е право на сите граѓани на Република Македонија.

Директорката излезе пред нас, она што не било пракса навистина и во името на куќата досега од 1999 година и е добра прилика за она што сметаме како основачи, тоа ми беше и мотивот да станам, практично да дополнам една идејата што господинот Ѓорчев ја зачна, да укажеме што ни е неопходно како луѓе кои што во името на граѓаните сме овде, да направиме на стартот на новиот мандат, еве и на куќата на директорот, на раководството, да не ни се повторуваат грешките кои сме ги имале во минатото.

Да завршам, поддржувам пристап кој оди во насока не да разговараме за уредувачка политика, атму има органи впрочем во името на граѓаните ова Собрание формирало некој орган таму кој, пред се, треба да води грижа за тоа, а ние да се грижиме за развојната ориентација, финансиските услови, кадровската политика, околу растот на јавниот сервис кој се вика МРТВ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Чедомир Краљевски:

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Благодарам потпретседателке, почитувани колеги, директорке на МРТВ,

Од презентираните податоци на минатата седница при излагањето на госпоѓа Гордана Стошиќ мислам на оние што се однесуваат на финансиското работење на МРТВ во изминатите четири години се доби впечаток благодарение на презентерот односно директорката Гордана Стошиќ дека минатата власт неодговорно или недомаќински, ако сакате, раководела со овој јавен сервис.

Секако една позитивна анализа на материјалите што ни беа доставени апсолутно ги негира таквите тези и ваквиот впечаток што тогаш при презентација на госпоѓа Гордана Стошиќ беше наметнат.

Ако зборуваме факти, а пред фактите и боговите молчат, ќе видиме дека наследената дупка во 1998 година изнесува 334.753.245 денари. Значи заокружено 335 милиони денари. Веќе во 1999 година оваа дупка изнесува 289 милиони денари или наследените загуби се намалени за точно 45 милиони денари. Веќе во 2000 година овие 289 милиони денари како загуба се сведени на 245 милиони денари, јас ги заокружувам цифрите или се намалени за точно 44 милиони денари. 2001 година МРТВ како и целата држава беше исправена пред предизвикот на војната односно терористичкиот атак врз државата. За жал, како единствен сервис, единствена телевизија која благодарение на инвестициите на тогашното раководство имаше можност да ја прикаже вистината за Македонија ја емитува преку сателит со целна група од 300 милиони гледачи за разлика од 100-те радија и телевизии кои за целна група имаа ограничено влијание на само 2 милиони луѓе и колку толку го заштити националниот интерес. Природно е таквите услови, условите на војна да влијаат и на финансиското работење на МРТВ, како што впрочем многу понегативно се изразија и во другите сегменти на општеството, посебно во стопанството.

Со други зборови, многу е цинично да се споредуваат резултати од времето до 1998 година со резултатите на работењето во времето на воени услови и општа дестабилизација на државата. Затоа, според мене, оваа дупка од 2001 година од 61 милион денари е повеќе од оправдана со оглед на приближно истиот општествен амбиент во државата 2002 година додавајќи ги парламентарните избори дупката од 104 милиони денари е исто така оправдана.

Ако сето тоа претходно наведено го сумираме, ќе видиме дека разликата за време на минатото раководство на МРТВ во финансиското работење на МРТВ споредено со периодот до 1998 година или зголемувањето на дупката е точно 77 милиони денари. Доколку инсистираме на вистинска компарација околу успешноста на раководењето со МРТВ, можеме да констатираме дека осумгодишниот башибозук во МРТВ оставил 4,5 пати поголема дупка во куќата од раководењето во услови на војна и нестабилност. Тоа се бројките и фактите за финансиското работење.

Ако се земе во предвид кадровската поставеност на куќата, а од аспект на реорганизација односно реформите во кадровската структура на МРТВ каде успехот од раководењето се цени или вреднува преку намалувањето на преобемниот кадар,

ќе видиме дека за 4 години на минатото раководство кадарот се намалил за точно 414 луѓе, што сметам дека е своевиден успех во таа насока.

Сегашното раководство предвидува реформи, но реално уште не почнало да ги прави, па така не можеме да компарираме со претходниот резултат. Своевиден апсурд е обидот на дозирана вина на ВМРО-ДПМНЕ за техничко-технолошкиот пропаст на МРТВ. Апсурдот се состои во тоа што цело време се шпекулира со годините 1975 и пред 1990 година односно дека само тоа е периодот кога во МРТВ се инвестирало со техничкиот потенцијал. Значи, во целиот овој период да тргнеме од 1990 година минатото раководство управуваше со МРТВ само 4 години или една четвртина од периодот на постоењето на државата. Притоа тенденциозно се заборава да се спомне можеби најголемата инвестиција во овој период, а тоа е сателитската телевизија односно сателитскиот центар. Како оваа инвестиција всушност да не е од технички карактер.

Со оглед на сето искажано, а пред се задните и тенденциозни намери на презентерот лично не би можел да ја прифатам елаборацијата за и околу извештајот колку и да се инсистира на професионалноста и елоквентноста во составувањето на истиот.

На крајот, почитувани, се приклучувам кон дискусијата на господинот Марјан Ѓорчев во врска со целите на дејствувањето на МРТВ како национална телевизија и начинот на функционирањето на истата и го поздравувам тој говор, бидејќи сметам дека е говор од кој треба сите ние да црпиме визија како треба да ја организираме и реорганизираме МРТВ и како да и помогнеме во заеднички интерес на РМ како држава и на нас овде како основачи истата да функционира.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави госпоѓа Гордана Стошиќ, директорка на МРТВ.

ГОРДАНА СТОШИЌ:

Почитувани, јас на крај сепак ќе одговорам само со неколку бројки. Не знам дали е место не сакам да коментирам лични дисквалификации ниту на моја ниту на било чија сметка од вработените во МРТВ, бидејќи интенцијата и на извештајот и на воведното излагање беше да нема лични дисквалификации заради тоа што ние вработените во МРТВ сме повеќе од свесни за кумулираните проблеми со години. Токму затоа во воведното излагање беше посочен моментот по распаѓањето на

системот на ЈРТ од кој кога во еден период МРТВ тогашна РТС плаќала 8,5 - 10% од трошоците, според бројот на можни гледачи, одеднаш се соочила со една поинаква ситуација. Но, за волја на вистината и да не остане докажано јас молам не случајно се доставени сите извештаи, сите завршни сметки. Тоа се акти кои ги изготвувале истите служби што го изготвувале извештајот за 2002 година. Од тие четири извештаи не стои ни овој генерален директор, веројатно ни поранешниот, туку потписи на три финансиски директори кои во овие четири години се промениле, а службите се исти, посебно сметководството, финансиите и книговодството.

Но, не е важно, јас сакам да посочам дека за оваа година да бидеме сите реални дека ќе има уште поголема загуба и таа ќе се појави веќе во наредните месец два, а ќе се однесува на следното: по налог на Управниот одбор и на Одборот за контрола на финансиско-материјално работење. Ние сега правиме нешто што не се направило, не се мислело  дека е таква обврската односн во куќата не постоела процедура за тоа и тоа веројатно одамна не постоела, а тоа е немање меѓусебно фактурирање на побарувањата и обврските со дистрибутерите на програмата. На повеќе елементи ние имаме нефактурирања во износ и ни се појавија побарувања во износ од 100 милиони. Повторно ве молам не се однесува на личност, туку се однесува на систем како функционирало тоа Јавно претпријатие. Тоа мора да се санира, а бројките се само за да покажат како течат загубите. Само една бројка сакам да кажам на крај основачот да биде свесен за длабочината на проблемот со кој се соочува ова Јавно претпријатие. Во воведното излагање кажав 91.820.000 чини МРТВ месечно со оваа поставеност, димензионираност, кадровска, програмска. 45 милиони месечно се пари значи готовински средства што се собираат од претплата. Готовински средства од маркетинг речиси да нема што се должи на купување на програма со минути реклами.

Но, тоа не е важно, основно е дека од овие 45 милиони почитувани дами и господа пратеници 44 милиони е цената на ангажираниот труд во МРТВ. Мислам дека тоа кажува каква е длабочината на проблемот заради тоа што радиото и телевизијата се нешто скапо. Неопходна е санација на опрема, неопходна е ревитализација, неопходно е купување квалитетна програма. Сето тоа нема да може да се направи без мерки за кои јас не знам дали ќе бидат популарни, дали ќе бидат лесни да се преземат, но едно знам и за тоа навистина барам во име на сите во МРТВ поддршка од основачот тие мерки мора да бидат итни и радикални односно лекот мора да биде соодветен на болката.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Комисијата за транспорт, врски и екологија поднесе Предлог на заклучок кој е содржан во Извештајот на Комисијата.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците поднесе предлог за дополнување на Предлогот на заклучокот поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Предлогот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците за дополнување на Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Гласале вкупно 61 пратеник, за гласале 52, воздржани 9, нема ниеден против.

Констатирам дека предлогот за дополнување е усвоен.

Предлогот на заклучокот содржан во Извештајот на Комисијата за транспорт, врски и екологија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 69 пратеници, за гласале 61 пратеник, воздржани 8, ни еден против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

Со ова е завршена 36-та точка од дневниот ред.

И благодарам на госпоѓа Стошиќ за учеството.

Преминуваме на 37-та точка, присутен е претставникот на Владата тоа е

Информација за состојбата во подрачјата загрозени од водите на реката Вардар и водотеците во тетовскиот регион.

Информацијата и Извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот Владо Поповски.

ВЛАДО ПОПОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани пратеници,

Само неколку реченици во смисла на вовед во врска со Информацијата која е денеска предмет на расправа пред Парламентот.

Имено, се работи за Информација која по барање на пратеникот Зоран Томиќ ја достави Владата на РМ што пред тоа во првата половина од минатиот месец ја разгледа и усвои на една од своите седници.

Спомнатата информација е изготвена по заклучок на Владата на РМ, а ја подготви Работна група која престојуваше на теренот на подрачјето на општините Јегуновце и Џепчиште кои, како што е познато, во првата половина на минатиот месец заради високите температури и наглото топење на снегот на Шар Планина беа поплавени. Во таа смисла во Информацијата на кратки црти се содржани состојбите кои во тој период беа актуелни и се она што се преземаше на теренот во смисла на нивно санирање. Од таму во оваа прилика би сакал само да потенцирам некои нотoрни факти поточно некои од основните причини кои, покрај високите температури и наглото топење на снегот на Шар Планина сега, но и во континуитет претставуваат причини за излевање на речните корита на реката Вардар и притоките во полошкиот регион.

Всушност се работи за неколку значајни причини за чие надминување ќе зависи натамошната разрешница на овој проблем. Имено, се работи за нерегулирани речни корита, понатаму голем суспендиран материјал кој е присутен подолго време на овие терени, бујната вегетација што ја намалува пропусната моќ на речните корита за пристап на секаков отпад во речните корита, за неконтролирана сеча на шумите во сливот на реките што ја зголемува ерозијата на земјиштето, за изминатиот амортизационен период на користење на каналот Радиовце-Бистрица, негово тековно неодржување во последните неколку години, понатаму негово оштетување, узурпација на манипулативниот пат околу каналот за негово тековно одржување и појавата на слечишта во горниот дел на Поројска река.

Имено, кога е во прашање појавата на слечиштето Владата на РМ за едно од нив познатото во Ѓермо деновиве ќе има посебна расправа и ќе се донесат соодветни заклучоци.

Владата на РМ во врска со актуелните состојби поврзани со излевањето на речните корита на реката Вардар и нејзините притоки во полошкиот регион донесе соодветни заклучоци. Дел од нив се веќе реализирани, дел се во фаза на реализација. Во оваа прилика ќе ми дозволите еден од нив, оној последниот сакам посебно да го потенцирам, бидејќи Владата заклучи имајќи ја предвид оваа состојба, а заради целосно надминување на проблемот да се преземат активности во смисла на подготвување на програма и инвестициoно техничка документација која ќе значи регулација на овие подрачја.

Во таа смисла тие активности се веќе отпочнати, па оттаму моја сугестија е точката 2 од заклучоците да биде иземена од причина што Владата донесе заклучок тоа веднаш да биде направено.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодарам на министерот Поповски.

За збор се јави господинот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници, почитуван господин министре,

Мојот предлог во врска со Информацијата односно барањето да се изготви една информација и да се преземат конкретни мерки и заклучоци беше поднесено на седница на ова Собрание на 7 мај о.г.

Најпрвин би искажал едно големо задоволство од ангажираноста на Владата, но и на Собранието пред се во насока што се презедоа навистина конкретни мерки во поглед на санацијата на штетите кои беа предизвикани од енормно високите температури и наглото топење на снегот на Шар Планина што предизвика поплави во населените места на општините Јегуновце и Џепчиште.

Лично сметам дека за овој краток временски период навистина е сторено многу, тоа се гледа и од заклучоцитге кои Владата ги изготви и ги усвои на својата седница од 4 јуни 2003 година, а она што посебно би сакал да го потенцирам се дел од содржините содржани во Инфорацијата како и дел од заклучоците.

Лично сметам дека тоа се наведува и во Информацијата, од досегашната хидролошка пракса констатирана е честа појава на излевање на реките од своите корита во овој регион и тоа сметано од 1950 до оваа 2003 година. Она што посебно загрижува дека притоа се нанесуваат огромни и по мое мислење ненадоместливи штети особено во реоните на селата Шемшево, Жилче, Ратае, Требош, Палатица, оваа година најпогодени беа областите во селата Раотинце и Јегуновце со еден збор мислам дека станува збор за една крајно сериозна работа која може да ни се повтори и во наредните години, доколку не се преземат конкретни мерки, меѓутоа и трајни мерки за санирање на ваквата состојба.

Ако кон ова се додадат и оштетувањата кои произлегуваат од лизгањето на земјиштето при што е загрозено цело село, станува збор за селото Ѓермо, а наносите се протегаат на регионалниот пат Тетово-Јажинце и често пати во минатото знаело, но и сега со излевањето на Поројската река тој пат да биде отсечен, тогаш навистина станува збор за крајно сериозна работа.

Во тој прилог посебно би сакал да се заблагодарам како на Владата на РМ така и на нашата матична Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство која не само што ја поддржа Информацијата, туку истата ја надополни со конкретни мерки и заклучоци и истовремено посебно би сакал на крај да кажам дека добри се мерките кои се преземени од страна на Владата, меѓутоа, заклучокот број 8 него посебно ќе го цитирам, мислам дека сите надлежни институции како што се Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за екологија и просторно планирање, Министерството за трнспот и врски, Фондот за води и единиците на локалната самоуправа навистина во што е можно пократок временски интервал да изготват програма за инвестициона и техничка документација за уредување и регулација на водотоците. На тој начин сметам дека трајно ќе се реши овој проблем и дека во иднина навистина нема да имаме потреа од вакви и слични информации, дискусии и слично.

Во таа насока уште еднаш апелирам до сите пратеници ваквата инфорација со Предлог-заклучоците ја поддржат, а надлежните органи да ги преземат мерките согласно истите односно согласно заклучоците.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За збор зе јави господинот Ејуп Рустеми.

Повелете.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Почитувана потпретседателке на Собранието, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници,

Што се однесува на Информацијата што ја имаме денеска на дневен ред за водите во регионот на Тетово, со посебен огласок за Општината Џепчиште и Јагуновце, би сакал и јас бидејки доаѓам од овој регион детално да го информирам Собранието за состојбата за поплавите на крајот на месец мај од оваа година. Од овие поплави беше во опасност еден добар дел од земјоделството, блокиран беше патот Јажинце - Тетово, меѓутоа со ангажманот на Општината над Џепчиште не дојде до најлошото за да има тотално блокирање на овој пат.

Почитувани госпоѓи и господа, вакви поплави во Општина Џепшиште имало и порано и можам да речам дека ќе има повторно, се додека ние не го решиме проблемот таму каде што треба. Ве информирам дека проблемот стои кај ерозиите

на земјиштето во селото Гермо, река Порој . Колку да ве информирам, да ви ја кажам историјата на овој проблем. Ерозијата на земјиштето во село Гермо се однесува на простор од 50 хектари и ова земјиште е во рушење, во распаѓање и оваа ерозија  го има поставено во прашање и живото на граѓаните на населението во овој дел.  Во ова село населбата  Рек со 42 куќи каде што живеат 256 жители и 30 земјоделски објекти заедно со нив и со земјиштето , има значи ерозија во правец на реката Порјот. Полавите на реката Порој, кои што се манифестираат со земјиште, камења, дрвја, ставаат во опаснос голем број  на населението. Значи, уништуваат плодно земјиште , има опасност на блокирање на регионалниот пат Тетово - Јажинце каде што има опасност и на железницата Тетово -Скопје, ги поплавува куќите на  селото, селата Требош и Патица. Да ви спомнам дека историјата на лизгање на земјиштето во селото Гермо и поплавата на реката Порој, не е нешто ново. Нашите податоци зборуваат дека Општина Џепчиште од 1997 година, кога со последните поплави се уништуваат сите брани на реката, уништени се и со себе имаат понесено два моста од селото Порој, каде како последица три месеци е блокиран регионалниот пат Тетово -Јажинце. Каде што се поплавени, значи земјоделските култури на жителите од Џепчиште. Ваквите штети од општинската комисија каде што имало претставници од  регионалниот, се оценети со вредности од над 6 милиона марки  во тоа време.

Општина Џепчиште на на перманентен начин ја има информирано Владата и Министерството за овие работи и на 31 март 1998 година, Владата. има конкретни конклузии за ова. Истото нешто го овозможи и Владата по таа седница на 10.10.1999 година , која што освен средствата за изградба на проекти со што се планираше изградба на брани на реката во селото, но досега ништо не е направено во однос на ова иако, во заклучоците на Владата се предвидуваше една динамика за решавање на овој проблем.

Соочени со сите работи кои што не беа во однос на сето ова,  беше донесена Одлука да се даде барање до претседателот , кој ќе направи една интервенција за решавање на овој проблем.

Истот ака во јануари годинава една делегација составена од министерот за транспорт ив рски, директорот на Фондот за патишта, пратениците од регионот, претставници на Општина Џепчиште, експерти, геолози, од Германскиот корпус на НАТО во времето и претставници на ОБСЕ беа во селото Гермо и беше констатирана една алармантна состојба.

Почитувани дами и господа,

Според информациите што ги имаме можеме да констатираме дека се направени големи штети во селото Џепчиште и Пороj. Тоа е инфорамцијата што ја имаме сега, но не и податоци за сите оние работи што се нарпавени со село Гермо.

Едно работно тело за општина Џепчиште даде симболични средства од 200 илјади денари кои што се недоволни за покривање на трошоците во одржувањето на патот Тетово-Џепчиште.

Единствено нешто што ми дава надеж во оваа Инфорамција е точката 8 каде што се предвидува да е преземат мерки за подготовка на инвестициони програми и техничка документација за регулирање на коритата на овие реки. Но тука треба да се каже дека Владата треба да мисли што побрзо да даде земјиште сопственост на Република Македонија, да се заштити, дислокација на селото Гермо бидјеки во опасност се животите на луѓето, што беше и еден од заклучоците на Владата на 33-та седница 1998 година.

Според информациите што ги имаме, група на експерти пред два дена беше во селото Гермо, актуелната состојба ја оценуваат као алармантна и се надевам дека Валдата ќе го реши овој проблем кој што е од животно значење за ова население на овие жители.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Абдулаки Адеми.

АБДУЛАКИ АДЕМИ:

Почитувана госоѓо потпретседател, почитувани членови на Владата, почитувани пратеници,

На почетокто на месец март како последици на високите температури и брзото топење на снегот на Шар Планина како последица на големите количества на вода дојде до лизгање на земјиштето и до поплавување на обработиливото земјиште. Треба да се поздрави подготвеноста на ладата да дискутира за оваа новосоздадена ситуација, штокако резултат на тоа беше подготвена една нфорамција за која ние разговараме денес.

Тоа што треба да се истакне, а и Владата да го има предвид е дека граѓаните од овие населени места се соочуваат со оваа ситуација секоај година и таа секоја година се повеќе се влошува. Поплавите пред се доаѓаат од реката Порјо, Слатина и Вардар, меѓутоа и од каналот кој служи за наводнување на полето од Радиовце до Ратаје.

Реката Порој го поплавува полето на селото Порој, ЏепчиШте, Требош и Палатица. Од Реката Слатина се поплавуваат полињата на Слатина, Шемшево и Прељубиште, а од реката Вардар се поплавуваат полињата и куќите од селата Копаница и Ропајце. Што е најпарадоксално во оваа ситуација е полавувањето кое доаѓа од каналите за наводнување. Низ овој канал не тече водат која што е потребна за индивидуалните земјоделци во текот на летото, ког ае најпотребна вода за наводнување. Значи,овој канал не ја врши својата функција, туку напротив им штети на самите земјоделци.

Констатацијата на комуналниот штаб на Јагуновце е дека реката Длатина и каналот за наводнување од Радиовце до Ратаје со години по ред предизвикуваат поплави. Пред се се поплавуваат полињата и муслиманските гробишта. Како последица на тоа гробиштата се надвор од употреба.

Во контекс на ова што го кажав погоре и 4, 5 заклучоци од Информацијата на Владата се на место, меѓутоа општините Џепчишт еи Јагуновце немаат средства да ги реализираат активностите за расчистување и поправка на коритото на реката. По поплавите доаѓа до масивна појава на различни инсекти,посебно на комарци кои се штетни и ризични за здравјето на луѓето. Може да се појави инекоја епидемија. Затоа е и заклучокот број 6 каде се обврзува Министерството за здравство да дезинфекцира. Тој заклучок треба што побрзо да се спроведе и тоа од Требоште до Јагуновце.

За оваа цел општината јагуновце побара писмено неколку пати од Владата ова да се спроведе што е можно побрзо.

На една од изминатите седници ние го усвоивме просторниот план за изворот Рашче. И тогаш иcртакнав дека за зачувување на квалитетот на подземните води, кои на директен начин ја загадуваат и вофдата за пиење од изворот Рашче треба да се регулир аи да се реши каналот на реката Порој, како и на другите реки што се составен дел на зоната број 2 од овој просторен план.

И покрај тоа би сакал да истакнам дека во констатацијата на владината комисија освен другото се истакнува дека од поплавите се зафатени и посејаните површини со разни земјоделски култури, меѓутоа во заклучоците на Владата не се предвидува материјална компензација, материјален надомест за земјоделците кои се на директен начин оштетени освен симболични материјални средства за општините Јагуновце и Џепчиште.

Карактеристично е дека поплавите во оваа област се јавуваат секоја година и има само моментна интервенција од страна на Владата и од општината, а нема

конкретни мерки од таа насока. Зато амислам дека треба да се изготви една програма во која ќе се предвидат конкретни активности за да се отстранат опасностите и да се елиминираат поплавите. Активностите треба да почнат од селото Гермо и потоа да се продолжи со регулирање на коритото на реката Пороj, да се санира каналот за наводнување од Радиовце до Ратаје, да се расчисти коритото на реката Слатина и да се регулира коритото на реката Вардар во селото Копаница и Ротинце.

Сите оие активности треба да следат по една одредена динамика, инаку оваа ситуација повторно ќе се јавува секоја година и граѓаните од овие населени места ќе се соочуваат со истите проблеми.

Останувме со надеж дека овие забелешки и сугестии, како и порак аод граѓанит еод Џепчиште, Јагуновце и Желино до соодветните надлежни органи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Владо Паунков.

ВЛАДО ПАУНКОВ:

Почитувана потпретседателке, колеги пратеници и претставници на Владата,

Владата на Република Македонија доставувајки ни ја Инфорамцијата за состојбата во подрачјата загрозени од водата на реката Вардар и водотеците во Тетовскиот регион ни покажа инзвонреда ефикасност и систематичност во разрешување на овој проблем во Република Македониај.

Веднаш да истакнам дека пред нас се презентира една кратка, но сеопфатна информација , што истовремено нуди решение за третираниот проблем. Та е така бидејки информацијата е изготвена од раотна група формирана од Владата на Република Македонија на седницата одржана на 5 мај 2003 година од компетентни и одговорни лица и институции, кои веднаш, уште наредните ден, на 6.05.2003 година отишле на теренот и ја констатирале вистинската состојба на основа што е изготвена и инфорамцијата.

Генерално гледано Република Македонија се карактеризира како изразито интензивно подрачје подложено на огромна ерозија на почвата од површинските текови на водите. Оваа состојба коај не е за потценување произлегува од конфигурацијата на земјиштето, на изразито стрмни ридови, како и од нискиот процент на пошуменост на теренот. Тоа создава огромни услови за брзо отечување на паднатите атмосферски води со голема влечна сила на водите кои вршат стална

ерозија на почвата и со тоа предизвикуваат големи промени на стабилноста на теренот.

На основа на горе изнесеното, горните речни текови се карактеризираат со големи подолжни падови кои предизвикуваат големи брзини на водите, а со тоа и голема влечна сила која врши огромни деформации и ерозија на речното корито со што се предизвикуваат огромни изливања, а со тоа и штети како по изградените станбени објекти така и по земјоделските површини. Токму тоа се случи и во Тетовскиот регион и самата инфорамција сеопфатно ги наведе причините и состојбите.

За да се надминат поселдиците во третираното подрачје инфорамцијата нуди решение и јас потполно истото го подржувам меѓутоа оваа инфорамција треба да биде и  поттик за осмислено пристапување на разрешувањето на проблемот на ерозијата на почвата на територијата на целата Република, бидејки ерозијата на почвата предизвикува поплави што нанесуваат огромни  материјални штети било каде во Република Македонија.

За да се елиминираат овие несакани последици градежната наука, поточно градежната хидротехника има одговор и технички решенија за сведување на оваа континуирана појава во подносливи тесни рамки. Не случано на сите горни теквои од реките изградени се брани и оформени хидроакомулации каде секога е проектиран и простор за прифаќање, поточно ублажување на поплавниот бран кој се појавува во одредени хидрометереолошки прилики.

Со подобрување на економската состојба во земјата изградбата на браните треба да продолжи во средните текови на речните корита и на крајот да се финишира со изградба на хидроакомулации и на најголемиот воден потенцијал на реката Вардар.

Стабилизацијата и регулацијата на водотеците треба да се изврши со оптимални економски оправдани  хидротехнички објекти во согласност со природата на истите.

Стабилизацијата на теренот не само на водотеците треба да се врши перманентно користејки пошумување, но со вегетација која ќе вегитира на специфични метереолошки прилики кои владеат во Македонија.

Самата информација ни овозможи да согледаме дека за разрешување на вакви ислични појави државата мора да пристапи со мерки и тоа:

Прво, долгорочни мерки. Согласно горе изнесеното Владата треба да го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го

ангажира целокупниот домашен научен потенцијал, пред се Градежниот факултет,смер за хидротехника за да изготви стратегија, студија за сведување на ерозијата предизвикана од водотеците во најможни тесни рамки, притоа користејќи го долгогодишното искуство на оваа институција, како и на домашен тѕерен така и стекнато искуство во странство.

Со таква прифатена стратегија ќе имаме успеша борба против елементарните непогоди предизвикани од водите, но истовремено и најекономично справување со поплавите.

2. Краткорочни мерки.

Краткорочните мерки подразбираат материјално-техничко оспособување на државните инситуции задолжени за брзо и ефикасно дејствување во местата загрозени или веќе поплавени од водотеците, без разлика во кој дел од државата ќе има потреба.

Од гореизнесеното, во потполност ја поддршувам Информацијата и заклучоците на Владата како и на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(Со седницата продолжи да раководи господин Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам господине Паунков.

Има збор господинот Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

На почеток ќе нагласам дека ќе ја поддржам Информацијата што Владата ја изготви, затоа што во самата Информација се гледа со какви проблеми се соочуваат луѓето во тој регион, посебно кога доаѓа до нагло топење на снегот, како што беше оваа година. При тоа биле поплавени земјоделски површини, а самите наноси во коритата уште повеќе придинеле за зголемување на обемот на поплавувањето, при што имало загрозување на станбените и деловните објекти, па животот на луѓето.

Владата доста направила да помогне во санирање на последиците, а истовремено превентивно да делува да не би се повторила оваа состојба. Сите заклучоци се прифатливи, посебн осмиот, каде што, како долгорочна мерка е изготвување на програма и инвестиционо-техничка документација за уредување и регулирање на водотеците.

Мојата забелешка кон Владата е во тоа што за сличен проблем превзема различни дејствија. На 27 февруари 2003 година беше поставено пратеничко прашање за ерозија на брегот на реката Вардар, менувајќи го своето корито и тоа не акцедентално, туку континуирано, со што неповратно се губи висококвалитетно активно обработливо земјоделско земјиште.

Прашањето беше поставено со сета сериозност, но одговорот беше само констатација на состојбата, а не обид за решавање на оваа алармантна состојба. Тогаш напомнав дека само во атарот на село Мрзенци за 15-тина години неповратно се изгубени 210 декари земјоделско земјиште. :Податоците се официјални и добиени од подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Оваа состојба со реката Вардар не го поставив како проблем од локален карактер, туку тоа се однесуваше за целиот ток, се разбира таму каде ја има таа појава. Мораме да се согласиме со фактот да реката Вардар во летниот период имаа сосема мала количина на вода и може да се интервенира да би се вратила во своето првобитно корито.

Да не се разбереме погрешно. Ја поддржувам Информацијата и заклучоците на Владата, но барам приодот кон овој проблем да биде покомплексен, а не да се интервенмира само а одреден регион.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор.

Збор има господинот Поповски, министер без ресор.

ВЛАДО ПОПОВСКИ:

Би сакал на крајот само еден мал коментар во смисла на тоа што и како прашање беше поставено во дискусиите на почитуваните пратеници.

Прво, морам да истакнам дека решавањето на овој проблем во тетовскиот регион добро е познато дека не е присутен само таму, нема да биде ниту лесен ниту едноставен од едноставна причина што за решавање на овие проблеми што долги години наназад се присутни, потребни се огромни финансиски средства. Но, сепак е добро да почнеме, добро е тоа да го правиме постапно и лично мислам дека заклучокот на Владата, оној последниот од во таа насока за почетно разрешување на овие проблеми.

Второ, овде беше нагласено присутниот, подолго време, проблем во околината на селого Ѓермо, на почетокот истакнав, а сега во одговор на

почитуваниот пратеник на неговото прашање, точни се неговите констатации. Овој проблем датира од поодамна. Општината Џепчиште се ангажира подолго време во неговото разрешување, континуирано од 1997 година.

Тоа што во овој момент можам да го кажам е дека на овој проблем активно работи Работна група во Владата на Република Македонија што ја сочинуваат претставници на Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за труд и социјална политика, а вклучени се и експерти од Градежниот факултет. Работната група е континуирано присутна на терен, па се надевам во најскоро време ќе ја направи потребната информација со одредени работни заклучоци и за овој проблем и за проблемот на свлечиштето и на лизгањето на земјиштето во селото Ѓермо, и Владата ќе расправа наскоро.

Во смисла на обештетување или проценка на штети, во одговор на прашање на почитуваниот пратеник, морам да му кажам дека е тоа регулирано во посебна глава, ако не се лажам Глава ВИ од Законот за заштите од елементарни непогоди, според моите информации една од општините веќе постапила во соласност со тие прописи. Онаа втората, исто така се обратила до Владата, до Комисијата за проценка на штети, Републичка комисија и ги добила соодветните напатствија.

Понатаму, трето, сакам да одговорам на почитуваниот пратеник, послдениот дискутант, дека Владата не презема различни дејствија, туку во решавање на проблемите пристапува во согласност со Законот за заштита од елементарни непогоди. Тоа го прави сега, а ќе го прави и во иднина.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучоците содржани во Извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство кои Ви се доставени во Извештајот ги ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ги усвои предложените заклучоци.

Почитувани пратеници, согласно доставеното известување привремено ја затвораме дебатата на оваа седница, бидејќи за 12,00 часот имаме закажано нова седница, па после нејзиното одржување ќе продолжиме со последната точка од оваа седница.

Имаме закажано итна седница за 12,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 12,00 часот).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа по 26-та седница на Собранието на РМ.

Минуваме на 34-та точка - Информација за потребата од основање комисија за утврдување на судбината на киднапираните и исчезнатите лица во Република Македонија.

Информацијата ви е доставена.

Отворам претрес.

Молам, дали некој бара збор?

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

Се надевам дека ќе имате трпение да го ислушате ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ по однос на ова прашање, затоа што гледам дека заминувате, со оглед на тоа што помина гласањето за заменици министри. Меѓутоа и покрај тоа јас ќе го искажам тој став.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ бара конечо да се расветли судбината на киднапираните и исчезнатите лица. Ова барање го упатуваме до Министерството за внатрешни работи кое, согласно уставните и законските надлежности должно е да ги спроведе сите дејствија кои се потребни за да се дојде до сознание за судбината на овие лица и тоа да го направи со сите инструменти кои ги има на располагање, согласно законските норми. Особено овде треба да се има предвид неопходноста од прибирање на информации, со сослушување на лица кои дирекно или индирекно би можеле да имаат сознанија околу ова прашање, а тоа веројатно се однесува и на лица кои тука се присутни.

Истовремено, сметаме дека со формирање на собраниско владина комисија ќе се разводни и можноста за оперативно прибирање на сознанија кои ќе доведат до евентуално затворање на овој случај. Со тоа ќе се овозможи префрлање на одговорностите кои ги има МВР по однос на утврдувањето на судбината на исчезнатите и киднапираните лица, наместо целокупниот свој потенцијал и капацитет

МВР да ги исврши своите надлежности. Со формирањето на ваква комисија Министерството индирекно ја признава својата немоќ во однос на овие сучаи.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ енергично бара да не се врши политизација на прашањето за судбината на киднапираните и исчезнатите лица, туку да се насочат сите капацитети и можности кои ги има МВР на располагање, во целосно утврдување на судбината на овие лица. Ова е многу чувствително прашање и сметам дека не треба да се дискутира за работи кои дирекно влијаат на чувствата на семејствата и блиските на овие лица. А со оглед на тоа дека цел на комисијата би била да се даде политичка поддршка за решавањето на прашањето за судбината на киднапираните и исчезнатите лица, за што нема потреба, бидејќи за утврдување на судбината на овие лица постои политички конзензус, како во Собранието така и надвор од него.

Една комисија веќе беше формирана по иницијатива на ЕУ, а со одобрение на претседателот на Република Македонија, на 23 ноември 2001 година, со која претседаваа господинот Ларс Норберг и амбасадорот Ларс Ваклунд.

Утврдувањето на судбината на киднапираните и исчезнатите лица во периодот од 17 април до 31 август 2001 година беше основната цел на оваа комисија која изготви извештај во јули 2002 година, после остварени контакти и со целосна поддршка од претставниците на ЕУ, НАТО, ОБСЕ и Меѓународниот комитет на Црвениот Крст, оваа комисија оствари контакти и средби и со министерот за внатрешни работи, во тоа време и со раководни работници во Министерството, како и со командантите на таканаречената ОНА. Од тука формирањето на нова комисија само би значело разводнување на решавањето на овој проблем и префрлање на одговорноста на владата на некакво собраниско владино тело кое би требало да ја преземе на себе политичката одговорност за затворањето на ова прашање.

По информацијата на Владата која ни е доставена по повод на оваа точка од дневниот ред, децидно стои дека една о дприоритетните задачи на Владата е утврдувањето на судбината на киднапираните и исчезнатите лица во времето на вооружениот конфликт на територијата на РМ во 2001 година.

Бидејќи утврдувањето на судбината на овие лица е приоритетна задача на Владата, ВМРО-ДПМНЕ бара, она што Владата го напишала воинформацијата да го оствари, без да ја префрла одговорноста на некаква комисија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика бара господинот Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Го задржувам своето право на збор, меѓутоа не можам да се согласам со констатацијата на колегата пратеник дека со оваа информација, наводно МВР ја признава својата немоќ. Напротив, до колку внимателно се погледне информацијата ќе се види само една работа а тоа е дека сите тие активности се во правец на интензивирање на напори на сите релевантни структури во државата, за изнаоѓање на вистината на киднапираните и исчезнатите лица. Така ја разбирам информацијата и во тоа се состои мојата реплика.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Повелете господине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас се согласувам дека во информацијата нема конкретни мерки кои ги има наведено, освен наградата која е предвидена за давањето на информации за киднапираните и изчезнати лива во Република Македонија. Меѓутоа, сакам да истакнам дека ние како пратеничка група не ја гледаме смислата на учество на пратеници во некаква комисија која што би била многу пооперативна и поефикасна до колку би била ставена под владини министерства, односно оперативци кои би ја завршиле таа работа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Невзат Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, за точката за која што денеска дискутираме знам дека е многу важна. Се извинувам на граѓаните без оглед на тоа  на било  која етничка заедница припаѓаат, затоа што  тие имаат голема тегоба, а освен тоа сега Владата, новата Влада таа ќе се ангажира толку многу што ќе треба да излезе на виделина вистината, а нејголемата одговорност останува кај министерот за внатрешни работи и неговото Министерство.

Што се однесува до инфорамцијата за потребата за основање на комисија за исчезнатите и киднапираните лица во Република Македонија, јас се согласувам за формирање на оваа долго очекувана комисија од страна на семејствата кои што

навистина страдаат за нивните блиски и остануваат со надеж дека еден ден тие ќе се вратат меѓу нив. После изборите од 15 септември граѓаните гласаа така како што гласаа и после тие избори се формираше новата Влада. Народот се надева дека оваа Влада ќе ги реши сите проблеми било тие да се социјално економски со кои се соочуваат граѓаните. Меѓутоа, семејствата кои ги немаат своите најблиски меѓу нив, тие остануваат со надеж дека еден ден ќе се расветли случајот, ќе се расветли судбината на нивните најблиски. Треба да имаме во предвид дека ова се случува во текот на кризата во 2001 година и во тоа време се знае која Влада беше на власт и кој стоеше на чело на таа власт. Ова се случило тогаш и одговорноста ќе остане со таа Влада. Јас се согласувам дека новата Влада дава голем приоритет за расветлување на судбината на киднапираните и како што се нарекуваат исчезнатите . Како предуслов да се има мир, стабилност и безбедност и нашата заедничка држава да оди напред. Меѓутоа , не се согласувам со формулирањето на информацијата од страна на Владата каде се вели 12 киднапирани и 8 исчезнати. Тоа се заеднички граѓани. Се работи за 20 граѓани. Кога велиме 12 киднапирани тоа треба да се заснова врз аргументи. Доколку има засновани аргумени дека тие се киднапирани, тие треба да се објават дека се киднапирани. Што се однесува до 8-те исчезнати, тука се работи за албанци и за 1 државјанин на Бугарија. Исчезнати не звучи добро, затоа што тие не се воопшто исчезнати, тие се уапсени од страна на поранешното Министерство за внатрешни работи. Веќе сме го спомнале името Султан Хајредин, Ислам и други. Членовите на нивните семејства имаат докази, имаат сведоци дека овие граѓани се уапсени од страна на полициските органи, односно од Министерството за внатрешни работи, поранешното Министерство за внатрешни работи, а се знае кој беше на чело на тоа Министерство. И затоа треба да се бара одговоност од овие кои спровеле едно такво апсење. Затоа, оваа Влада и ние како пратеници треба да се ангажираме да дојдеме до вистината и лицата кои сториле против човечки дела да се изведат пред лицето на правдата. Така ќе не прифати Европа, така ќе не прифатат и нашите граѓани. Тие ќе не прифатат само кога вистината ќе излезе на виделина, независно колку е таа горлчлива, вистината е вистина и таа треба еден ден да излезе на виделина. Војна не се водело само во Македонија и немаме малтретирани лица само во Македонија, војни се воделе и на други места, меѓутоа тука има други монтирања. Минатата Влада можеби и 12-те макеоднски граѓани кои ги нарекоа киднапирани, можеби таа Влада направила некое неразјаснето сценарио за сопствените интереси. Јас на почетокот сакав да кажам дека дискусијата не е за политички маркетинг, туку нашата дискусија е со цел да

дојдеме до вистината и семејствата кои не се со своите најблиски еден ден тие да им се вратат. Со ова ќе се стави крај на траумите на семејствата и еднаш засекогаш ќе се земат на одговорност тие што се виновни.

Што се однесува до Комисијата која е формирана по иницијатива на Европската Унија која е подржана и од Претседателот на државата, оваа Комисија, стои веќе во Информацијата дека е формирана на 29 октомври 2001 година и тука пишува дека нема дадено резултати. Многу е јасно дека нема дадено резултати, затоа што ова се случило во изминатиот период кога била на власт изминатата Влада и неможат тие да делуваат против самите себе. Ова ќе го докажеме со одредени информации кои се наоѓаат во оваа Информација. Во Информацијата стои Одлуата на Владата која е донесена на 18 јуни 2002 година , Одлука со која на граѓаните им се нуди голема компензација од 500 илјади евра награда, односно 500 илјади евра за секаква информација околу состојбата на киднапираните, односно судбината на киднапираните и приведените, уапсените. Зошто не ја земат оваа награда тие што биле претходно на власт, затоа што тие ја имаат Информацијата и тие треба да ја достават информацијата до новата Влада и до министерот за внатрешни работи, затоа што ова е одлука на Владата. Тие треба да ја дадат информацијата на новата Влада, да ја кажат судбината на овие граѓани и да ја земат наградата. Наградата ќе им следува на оние кои го направиле таквото нешто.

Оваа Комисија се формира како резултат на неколку средби на семејствата со минситерот за внатрешни работи, со министерот за правда. И двајцата ги имаат примено многу добро. И со двете средби што ги имаат направено со Претседателот на државата и треба да се истакне дека и Претседателот на државата заедно со министрите ја делеше истата болка, значи, истата цел , да се дојде до вистината. И Претседателот им вети на семејствата дека проблемот околу членовите на нивните семејства ќе го издигнат на највисоко државно ниво и во Советот за безбедност. Така и бидна. Тоа беше точка на дневен ред на Советот за безбедност и таа помина. Меѓутоа, работата се развлече. И покрај тоа , сепак , не е предоцна и доколку Парламентот реши да се формира оваа Комисија, оваа Комисија не треба да работи како изминатата Комисија што беше формирана така како што беше формирана од изминатата Влада, туку треба да работи во интерес на граѓаните и еднаш засекогаш да ја извади вистината на виделина и со вистината да бидат запознаени сите граѓани на Република Македонија. И оние кои направиле вакво нешто, тие треба да одговараат. Меѓутоа, не треба да зборуваме на памет, треба да зборуваме само со докази, треба да се потпираме или на писмени докази , или врз материјални

извори и кога ќе најдеме докази само така ќе можеме да ги убедиме граѓаните. Не треба да водиме политички маркетинг убедувајки се взаемно, а ги оставаме семејствата со нивната болка. Затоа треба да бидеме внимателни при формирањето на комисијата. Во таа комисија треба да се опфатат парламентарци и претставници на Валдата кои ќе направат се' за да се разјасни случајот, судбината на овие лица и да се информираат граѓаните кои најмногу страдаат со ова прашање и општо сите граѓани на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Би сакал сите да ве потсетам на еден факт. Денеска не расправаме, туку денеска одлучуваме за информацијата, за потреба да се формира комисија. Комисијата ќе ни достави извештај, тогаш ќе расправаме по извештајот.

Господинот Жарко Караџоски бара процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе, би сакал само да ве запрашам, мислам да се договориме овде сите , дали да одиме сега на пауза за ручек, затоа што после излагањето на претходнито дискутант имаме намера повеќе пратеници од нашата пратеничка група да се вклучиме во дискусијата. Сега дали да ја користиме таа пауза, или да продолжиме со работа?

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има само еден пријавен дискутант. Мислев да довршиме. Има само еден пријавен дискутант, ако заврши дебатата, ќе ја затворам, а ако има и други пријавени ќе направиме пауза па ќе продолжиме.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас ве прашав принципиелно ви најавив дека ќе има дискутанти.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има многу работи што неможат да се премолчат.

Можеме ли со оглед дека не ни е потребен кворум за работа, се разбира додека дебатираме седницата да тече, кој има потреба може да руча, па да се врати и на крај да гласаме. Во спротивно ќе работиме со пауза до 17,00 часот и во понеделник со почеток во 10,00 часот.

Ќе ги молам сите да водат сметка да дебатираме за тоа дали треба да се формира комисија. Господинот Блаже Стојановски бара реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас истото, би сакал да го замолам и претходниот дискутант, меѓутоа не знаев дека ќе дискутира на овој начин, затоа што сметам дека собраниската говорница не треба да се претвори во обвинителна клупа во која што ние би се појавиле во својство на обвинители на личности. Апелирам да не се апострофираат личности, да не се делат исчезнатите и киднапираните лица на македонци и албанци, да не се врши политизација на ова прашање, туку Владата врз основа на Уставот и законите да се остави да ја реализира нејзината приоритетна задача , утврдувањето на судбината на киднапираните и исчезнати лица. Обвинувањата кон одредени лица воопшто не се корисни во овој момент, туку максималното искористување на законскит еможности за утврдувањето на судбината на овие лица и вистината за нив претставув априоритет и на Собранието на Република Македонија и на сите нас, а сметам и на сите граѓани на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сакам да кажам нешто како претседател на Собранието. Се обраќам до сите пратеници. Расправаме за многиу чувствителна тема, за судбина на исчезнати, киднапирани лица за кои не се знае каква е нивната судбина. Што значи дека се' додека не се знае каква е нивната судбина , се' е отворено. Зборувам за сите, да не предизвикуваме дебати кои и ќе ги повредуваат чувствата на луѓето кои се блиски роднини и чувствата на сите нас заради тоа што во нашата држава се случува тоа. Што повеќе да се концентрираме на дебата дали да ја основаме таа комисија, или не. Таа да си ја заврши работата. Ако почнеме меѓу себе да се обвинуваме и да насочуваме сега кривци, мислам дека ќе бидеме подалеку од целта, а тоа е да ја откриеме нивната судбина. Ако се вовлечеме во политички расправии и дебати, ќе избегаме од целта. Нашата цел е да формираме комисија која смирено ќе ги разгледа фактите, да можеме да најдеме решение. Ако не најдеме решение и меѓу себе се обвинуваме и тие кои очекуваат од нас решение, ќе бидат екс анте разочарани дека не можеме да ја завршиме работата. Ова го кажувам како мој придонес, а не како упат на тие што досега дискутираа.

Господинот Коце Трајановски бара реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас не можам да не се јавам за реплика на претходниот дискутант, бидејки искажа многу тешки зборови. Се обиде да го испере мозокот на македонската јавност притоа споменувајки дека минатата Влада направила некое сценарио за киднапирање со цел за сопствени интереси.

Јас би сакал да го потсетам, дека сигурно ние на господата од ДУИ не им ги облековме воените униформи, не ги наоружавме и не ги натеравме да се бават со тероризам и очигледно уште еднаш денеска се обидуваат тероризмот и војната да ги стават изнад легалната обврска на легалните органи за бранење на интегритетот и суверенитетот на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сега има четири пријавени дискутанти.

Има збор господинот Невзат Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Ќе одговорам на двајцата, дека не ја злоупотребив говорницата, туку кажав една вистина која се случила во изминатиот период, на изминатата Влада и беа казнети од гласот на народот.

А што се однесува до вториот говорник кога употреби збор тероризам, тој е многу оптоварен , тој не знае што е зборот тероризам, затоа што во периодот на кризата немаше тероризам, имаше војна и таа заврши со Рамковниот договор. Тие се и потписници на тој Рамковен договор. Освен тоа беа направени измени на Уставот кои тие ги изгласаа и доста е веќе затоа што не измориja и нас и целата јавност со терминот тероризам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас уште еднаш ве молам сите , да пробаме нешто да направиме, да заборавиме на тоа што се случило. Се плашам дека ќе влеземе во расправа во која ќе се одалечиме од можноста комисијата да работи. Уште од сега ќе ги доведеме односите во ситуација комисијата да неможе да работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас ќе се обидам можеби токму во духот на ова што и вие зборувавте , само со неколку збора да се обидам, да ја завршиме дискусијата овде и да нема потреба од продолжување, паузи и т.н.

Прво, дека откривањето на судбината на сите исчезнати во конфликтот е еден од најголемите приоритети на Владата и на Министерството, мислам дека не треба никој да се сомнева. Меѓутоа, мал дел од луѓето кои седат денеска овде во Собранието навистина ја имале можноста да разговараат со тие луѓе и од една и од друга страна и со нивните загрижености за судбината на луѓето кои се исчезнати во конфликтот. Според тоа, иако почетните дискусии почнаа лошо, мислам дека треба да имаме разбирање за роднините , за сопруги, мажи, деца на овие исчезнати лица и не треба оваа седница на Собраниево да ја претвориме во тоа кој повеќе знае, или кој повеќе не знае и да се оптужуваме еден со друг. Јас ги сваќам настојувањата во последниве денови , целокупната одговорност да се префрли на Министерството за внатрешни работи е во ред. Тоа е желба на определени политички партии, тоа го ценам и имам разбирање. Меѓутоа, нека не се обидуваат некаде каде што многу едноставно ниту судбината на сите исчезнати од цел свет е секаде расчистена, ниту пак јас можам да кажам дека јас сум тој главниот кривец за тоа што се случило во 2001 година, па и таа одговорност да се обидува некој да ја префрлува на Министерството за внатрешни рбаоти. Добивме информации, отваравме, пробавме и т.н., меѓутоа да заборавиме. Затоа, не сакам да ја тераме дискусијава денеска на Собранието, со почит и кон сите тие роднини кои денеска ја гледаат оваа седница. Концентрирајте се на делот кој што предлага да се формира комисија и ве молам тогаш да го погледате составот што се предлага. Значи, се предлага од редот на пратениците, затоа што според наше мислење токму во редот на пратениците може да има луѓе кои имаат повеќе информации од она што се случи во 2001 година, отколку што јас , или Министерството за внатрешни работи сега имаат. Предлагаме од роднините и од една и од друга страна да учествуваат во работењето на комисијата и предлагаме учество на меѓународната комисија за исчезнати лица. Да ви кажам, не е ова обид за разводнување на одговорноста на Министерството, или дали Министерството со оперативни работи повеќе треба да добие. Ние токму од тие луѓе кои биле тогаш учесници во определени настани, токму тоа е поентата на формирање на комисијата во една да не кажам, мирна и затворена атмосфера, не да продаваме маркетинг пред јавноста, туку да се обидеме да добиеме повеќе информации и да ги соочиме и роднините и оние кои што биле во тоа време и сегашниве луѓе кои се на определени позиции да можат нешто да издејствуваат околу откривањето на судбината. Да работиме , затоа што за ова навистина е потребно работа, а не маркетинг пред јавноста.

Токму поентата на доставување на оваа Информација, ова е штура, кратка информација, немаше цел таа да презентира некои оперативни сознанија до кои дојдовме, туку основната цел на Информацијата беше формирање на Комисијата. Меѓутоа, ако сакаме нешто јавно да се знае, тогаш сакавме да се знае кој не е подготвен да учествува во работењето на Комисијата.

Според тоа, мојот предлог е дискусиите, јавноста околу ова делче да не ја користиме јавноста, туку да ја формираме Комисијата и на таа Комисија со стручњаци, со работење да продолжиме да работиме, а не да правиме маркетинг пред јавноста.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Блаже Стојаноски има реплика на министерот, но има и други дискутанти, сега сакам да ве прашам има двајца дискутанти и еден за реплика.

Дали се согласувате двата дискутанти да ги сослушаме, а ако има и други ве молам да најавите однапред инаку е непријатно без пауза за ручек да работиме, ќе направиме пауза па ќе продолжиме за половина час, не е проблем.

(Нема дискутанти)

Тогаш репликата на Стојаноски, двата дискутанти и ќе завршиме.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Ви благодарам претседателе за зборот.

Основното прашање она што сакаме сите да го одговориме дали МВР ги има распитано сите лица кои можат да дадат некаква информација и ги има преземено сите мерки кои стојат на располагање на Министерството за расветлување на судбината на овие лица.

Доколку е така, треба да се види која е потребата од формирање на Комисија, што би се постигнало со тоа?

Она што вие го кажувате дека целта на формирањето на Комисијата била дека кој не е подготвен да учествува во работата на Комисијата да се види, тоа значи дека Комисијата се формира од политички причини, а не заради изразена волја за расветлување на овие случаи.

Затоа ние бараме да ја видиме логиката на потребата за формирање на ваква комисија со цел да можеме да изградиме свој став. Од Информацијата што ни беше дадена тоа неможеме да го видиме. Тоа ние го бараме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Томиќ има збор.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитуван министре,

Пред нас е една информација околу потребата за основање Комисија за средување на судбината на киднапираните и исчезнати лица.

Сакам да кажам дека од формирањето на Владата, па до денес навистина се направени огромни напори, јас сум директен очевидец на тие напори,бидејќи имам речиси секојдневен контакт со роднините на киднапираните.

Направени се многу контакти, средби, состаноци, договарања со сите релевантни структури како од Македонија така и од странство, преземени се многу чекори и во таа насока се разбира дека одговорот или резултатот во врска со судбината на киднапираните и исчезнатите лица сеуште е непозната и затоа кога пред себе гледам една ваква информација не можам, а да не дадам една голема, голема поддршка околу формирање на истата од следните причини:

Мислам дека првите комисии кои беа формирани, а со кои претседаваше еднаш Ларс Нонберг, а втор пат амбасадорот Ларс Васлонт, посебно втората комисија навистина се зафати, по мое мислење, со сериозно разгледување на сите состојби или сите индиции кои укажува на расветлување на судбината на киднапираните лица се разбира и на исчезнатите, меѓутоа, и покрај сите напори мислам дека ефектот изостана.

Понатаму продолжија контактите со ЕУ, НАТО, ОБСЕ, со Меѓународниот комитет на Црвениот крст, Меѓународниот комитет за исчезнати лица и посебно што се обидовме да направиме тоа е да ја искористиме институцијата Претседател на Република Македонија и во таа насока обавивме контакти со Претседателот и го замоливме при што му укажавме на сите можни, заедно со риднините на киднапираните, околу некои наши информации со кои располагаме да се преземат сите можни мерки и повторно не враќа на Меѓународниот комититѕе за исчезнати лица, имавме бројни конатакти, но морам да констатирам дека до ден денес немаме конкретна информација во врска со судбината на киднапираните и исчезнати лица.

Јас ги ценам напорите кои до сега беа преземени од страна на Владата и Парламентот и на сите структури, меѓутоа се додека не се открие судбината на киднапираните и исчезнати лица, мислам дека ефектот ќе биде никаков.

Во таа насока, повторувам ја поддржувам ваквата информација околу формирање на оваа комисија и она што особено ме радува мислам дека на едно место ќе бидат собрани сите релевантни структури и фактори и тоа она што најповеќе радува по еден претставник од семејствата на киднапираните македонци и

албанци, еден претставник од Меѓународниот комитет за исчезнати лица, претставници и членови на Владата, во прв ред министерот за внатрешни работи и други лица кои Владата ѓе ги определи, но добро е што во работата на оваа Комисија ќе бидат и наши претставници членови на Парламентот и тоа од сите релевантни политички партии така што лично сметам дека секој со свое видување односно со своја информација може да даде голом придонес околу конечното дознавање на судбината на киднапираните лица.

Навистина мислам дека треба да се направи една програма од самата Комисија да се проверат сите докази со кои се располага или сите индиции на кои до сега се засноваше истрагата и во таа насока апелирам до сите чинители пред се на Владата и Парламентот со една поголема соработка со роднините на киднапираните да дадат еден максимален придонес кон конечно дознавање на судбината на киднапирани и исчезнати лица.

Во таа насока би ја заокружил мојата дискусија, би се сконцентрирал господине претседателе на она што вие ни кажавте инаку за ова има многу што да се каже.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Последен дискутант е господинот Фазли Велиу.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Господине претседателе на Собранието, колеги и колешки, господине министер за внатрешни работи Костов, Ве поздравувам сите за оваа иницијатива, не како член на семејството на Ружди Велиу, туку како пратеник на Собранието. Сакам да придонесам за оваа иницијатива, а не да правам реплики или да подигам тензија. Со тоа не се придонесува ништо по ова деликатно прашање кое е претставено пред нас.

Ние, членовите на семејствата на затворените албанци истовремено и нашите пријатели и тие што се во владини позиции, позиции на власт имаме наша одговорност пред сите граѓани на државата и затоа бидејќи сме такави не ги земаме прашањата посебно, односно поединечно, туку во целост и не се враќаме многу кон минатото како што се обидува да се прави тука, туку кон иднината.

Вие треба да знаете дека во целиот состав што го имаме во Владата и Собранието само јас сум тој што сум најмногу оштетен, меѓутоа, имајќи голема одговорност пред граѓаните на Македонија ја носам тежината на целото семејство и на сите семејства албанци истовремено и на семејствата на граѓаните македонци на

начин да не дејствувам на таков начин кој не доликува на овој народ и оваа држава, туку на начин на кој тие нудат и се соочуваат со овие предизвици на оваа земја во вакви случаи кои се многу тешки. Јас сум ја носел оваа тежина, бидејќи го гледам како оправдано , има и потешки тежини од ова во други случаи како што се случаите во Босна и Косово. Меѓутоа, неможам да се согласам нашите граѓани да не се третираат како што треба било да изгубиле прст или рака затоа сакам сите граѓани да ги најдеме на начин како треба и пред оваа држава да одговараат сите што можеби лошо дејствувале кон нив и кон државата, меѓутоа, не знам за овој товар што сум го имал колку ќе ме оправдаат оние кои се приведени или киднапирани затоа што самите тие ќе го дадат тоа мислење пред нас и другите и ќе кажат дали сте имале право толку долго да не прикривате, дали сте имале морално право да не делувате на крајот на краиштата дури и да си заминете од Собранието затоа што над се е човекот, а не објектите и фотељите, туку луѓето се тие кои имаат право да ги имаат институциите за да ги заштитат како индивидуи, како колективитети, како семејства и како народи.

Не сакам многу да кажувам затоа што многу работи знаеме, сакам последната дефиниција да ја дадеме како државна институција, како Собрание така што на тој начин многу ќе им помогнеме на институциите како што е МВР, премиерот, Претседателот на државата, претседателот на Собранието навраќајќи се на нашите заони кои сме ги имале 1995 година кои вие многу добро ги знаете и на нашите закони кои се актуелни и блиску поврзани со нормите во државата и меѓунродни норми.

Треба да имаме предвид дека меѓународниот фактор и покрај нивната добра волја да ни помогнат не можат директрно да влијаат овие прашања да ги решиме, затоа што ги немаат тие надлежности како што ги има на други места каде има протекторати. Но, тие ќе им помогнат на институциите , ќе ги поддржат да бидат похрабри, порешителни дефинитивно да се реши прашањето на членовите на семејствата на двете заедници, двата народи со мнозинство во оваа држава со цел семејствата и ние да бидеме мирни, да веруваме и да одиме во насока на нашата иднина со расчистени работи и со дела кои ќе и припаѓаат и на работата со чисти дела на нашето општество и ќе дадеме најдобар пример како се делува во една земја која од 13 август 2001 година е заедничка држава со заеднички институции, дефинирана како демократска држава

Им благодарам на сите оние кои се во салата и сите оние што внимаваа на тоа што го кажав во однос на формирањето на оваа Комисија која треба да го

разреши ова многу чуствително прашање околу судбината на членовите на нашата заедница воопшто.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Нема повеќе дискутанти.

Го заклучувам претресот по информацијата.

Ги молам пратениците кои се во ходник да влезат за да гласаме.

Молам, службите да утврдат број на присутни.

Во салата има 64 пратеници.

Информацијата за потреба од основање Комисија за утврдување на судбината на киднапираните и исчезнати лица во Република Македонија, ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 53 гласале за, 10 гласале воздржано.

Констатирам дека Собранието ја усвои Информацијата.

Со тоа дневниот ред на Дваесет и шестата седница е исцрпен.

Ја заклучувам седницата.

Ви благодарам на сите на трпението и на соработката.

(Седницата заврши во 14,50 часот)